institut international des DROITS DE L'HOMME et de la PAIX

METAMORPHOSIS
Foundation for sustainable ICT solutions

СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРИВАТНОСТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Педагошки прирачник наменет за оние кои работат со млади на возраст од 15 до 25 години

Децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија

СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРИВАТНОСТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Содржина

Предговор

Дигиталната ера 7
Слобода на изразување и приватност 7
Младите и дигиталната ера 8
Прирачникот 8
Партнери на проектот 10

Слобода на изразување и приватност во дигиталната ера 13

Слобода на изразување 13
Дефиниција 13
Историски осврт 13
Слободата на изразување е човеково право 14
Слободата на изразување и информатичко-комуникациски технологии (ИКТ) 16

Слобода на изразување и почитување на поединецот 17
Говор на омраза 17
Клевета и навреда 29
За тешкотијата за казнување на злоупотреби на слободата на изразување на интернет 35

Слобода на изразување и медиуми 37
Заштитување на медиумите 37
Регулирање на медиумите 39
Обработка на информации 40

Приватност 44
Дефиниција 44
Историски осврт 44
Правото на приватност е човеково право 45
Правото на приватност и новите информатичко-комуникациски технологии 46
Заштита на приватноста 47
Заштита на личните податоци на интернет 49

Образовни активности за слобода на изразување и приватност на дигиталниот простор 53

Педагошки пристап 53
Збирка на активности 55
Нови активности (©2idhp) 95

Анекси 117

Дигиталната ера

Пред триесетина години, само мал број на лица (влади, претпријатија, универзитети) имаа пристап до интернет. Денес, оваа технологија не му е достапна секому, но таа многу се разви до степен што драстично го промени секојдневието на повеќе од две милијарди лица.

Директниот и дематеријализиран пренос на информации што е овозможен благодарение на интернетот, без сомнение е **извор на напредок**. Оваа алатка овозможува побрзо да комуницираме со блиските и колегите, овозможува исполнување на одредени административни формалности (пријавување на приходи, плаќање данок, поднесување жалба), купување, организирање патувања, забавување, итн... можностите се чини се бесконечни. Можеме да констатираме дека електронските пораки или системите за директен разговор *(скајп, гугл ток, фејсбук...)* често го заменуваат добриот стар телефон, без притоа да предизвикаат тој да исчезне.

Слобода на изразување и приватност

Дигиталниот простор исто така го **револуционизираше остварувањето на слободите и основните права**, помеѓу кои на врвот фигурира **слободата на изразување**. Интернетот го олеснува пристапот до информации, а истовремено ги зголемува и можностите за изразување благодарение на проширувањето на социјални мрежи, блогови, форуми за дискусии и други платформи за споделување. Во 2012 година, бројот на креирани кориснички сметки на фејсбук во светот го премина прагот од една милијарда. „Web 2.0“ одново му дава смисла на ова основно право овозможувајќи му на *„корисникот на интернет можност да придонесе кон проширување на информацијата и да учествува во движењето и размената на идеи и ставови“*[1]. **Корисникот на интернет не е веќе само обичен потрошувач на информации, тој станува чинител и произведувач на содржини**.

Иако можеби дигиталниот простор е синоним за напредок, тој исто така создава многубројни грижи и прашања бидејќи интернетот е простор кој овозможува ширење на секакви идеи, дури и идеи кои се спротивни на демократските принципи и на човековите права.

На дигиталниот простор **се пренесуваат и се шират информации од личен карактер** (на пр. датум на раѓање, адреса, фотографија и сл.) што можат да разнишаат друго основно право: **правото на почитување на приватноста што го има секое лице**. Во време кога себеизложувањето станува нешто вообичаено, може да се запрашаме, дури и да се загрижиме за количината на лични информации кои циркулираат на интернет, како и за бројот на лица кои може да дојдат до нив.

1/ Yves Détraigne et Anne-Marie Escoffier, *«le respect de la vie privée à l'heure des mémoires numériques»* Информативен извештај, Сенат, 2009 год., стр.21

Дигиталниот простор се чини дека е одличен инструмент за унапредување на човековите права кој истовремено може да ја загрози слободата на оној што не ги познава правилата.

„Знаењето е моќ“. Поаѓајќи од оваа изрека, се чини дека е неопходно да се работи на подигнување на свеста и да се едуцираат што повеќе луѓе, а особено млади за оваа нова алатка, за нејзините потенцијали, но и за нејзините ризици. Тоа е всушност целта на овој прирачник.

Младите и дигиталната ера

Зошто се става акцентот врз младите? Иако сите возрасни категории се соочени со дигиталниот простор, сепак треба да се констатира дека младите се негови први корисници. За нив, дигиталниот простор претставува пар екселанс средство за комуникација.

Според последната студија на Европската асоцијација за интерактивно огласување (European Interactive Advertising Association)[2] (јули 2013 година), **89% од Европејците на возраст од 16 до 24 години го користат интернетот и поминуваат во просек 19 часа неделно на интернет**. Во Франција, 88,7% од младите што користат интернет потврдуваат дека не би можеле, а да не го употребуваат секојдневно интернетот.

Но иако тие сметаат дека се внимателни, реалноста често го докажува спротивното. Неретко се случува некое младо лице да не ги подеси критериумите за приватност на својот профил на социјалните мрежи, да прифати како „пријател“ лице што не го познава, да објави навредлива содржина без да е свесно за тоа, итн...

Прирачникот

Овој прирачник претставува **педагошка алатка наменета за оние кои работат со млади на возраст од 15 до 25 години**. Всушност, кој може подобро од лицата кои се во контакт со младите да ги освести за предизвиците поврзани со користење на дигиталниот простор?

Избраниот пристап е **пристапот преку човековите права**. Целта на прирачникот е во рамките на интересот што младите го прејавуваат за човековите права, да понуди алатки што ќе овозможат да се подигне свеста на корисниците на интернет дека она што го прават на интернет е поврзано со човековите права. Повеќе човекови права се засегнати кога се користи интернетот што треба да се познаваат за да може да се почитуваат и заштитуваат.

2/ http://www.iabeurope.eu/; http://www.iabeurope.eu/files/3113/7474/3283/IAB_Europe_Mediascope_Europe_Connected_Life_of_Digital_Natives_Bulletin_July2013.pdf

Прирачникот беше осмислен како **теоретско и практично средство** за едукација на тема дигитален простор.

Тој е поделен во два дела:

- **студија за слободата на изразување и приватноста на дигиталниот простор.** Оваа студија е посветена на човековите права кои се засегнати кога се користи интернетот. Таа има за цел да ги унапреди знаењата на чинителите кои работат со младите;

- **збирка на образовни активности за дигиталниот простор**. Последниве неколку години се зголеми бројот на активности за подигање на свеста за користењето на дигиталните технологии. Ние одлучивме да направиме збирка на некои од нив и да развиеме нови.

Партнери на проектот

Оваа педагошка алатка е плод на заедничка иницијатива од: Меѓународниот институт за човекови права и мир (Франција) и фондацијата Метаморфозис (Македонија) со поддршка на децентрализираната соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија.

Меѓународен институт за човекови права и мир - 2IDHP

Меѓународниот институт за човекови права и мир (2idhp) има за цел да се залага и да ги заштитува човековите права, меѓународното хуманитарно право и мирното решавање на спорови.

Институтот е непрофитно здружение основано по иницијатива на пратеникот Алан Туре, од Регионот Долна Нормандија, градот Каен, Меморијалниот центар во Каен, Адвокатската комора на Каен и Правниот факултет во Каен.

Благодарение на научниот комитет со кој претседава Катрин-Амели Шасе која воедно е и генерален секретар на Институтот, како и продекан на Правниот факултет во Каен, Институтот развиви уникатна правна експертиза во областа на човековите права.

Институтот е флексибилен инструмент кој се прилагодува на потребите на граѓанското општество и на барањата на нашите соговорници.

Оваа каенска организација е силно поврзана со Регионот Долна Нормандија чии симболи се мирот и човековите права и се потпира на овие симболи за да дејствува и на меѓународен план.

www.2idhp.eu

Метаморфозис

Метаморфозис е независна и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Македонија. Нејзината мисија е да придонесе кон развојот на демократијата и да го подобри квалитетот на живот преку иновативен пристап и споделување на знаења. Носечките вредности на фондацијата се: отвореност, еднаквост, слобода.

Метаморфозис започна со активности во 1999 година во рамките на програмата на Фондацијата Институтот за отворено општество и стана независна фондација во 2004 година.

http://metamorphosis.org.mk/en/

Децентрализирана соработка Долна Нормандија/Македонија

Овој прирачник е направен благодарение на поддршката од програмата за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Република Македонија.

Регионот Долна Нормандија соработува со Република Македонија уште од 2006 година благодарение на тоа што доби исклучителна дозвола за директна соработка со една држава од Министерството за надворешни работи.

Долна Нормандија и Македонија соработуваат за да придонесат кон создавање и развивање на квалитетна локална демократија. Концептот се однесува на целото население: граѓани, невладини здруженија, локални власти, економски чинители, итн.

Децентрализираната соработка го потпомага локалното владеење бидејќи поттикнува размени и создавање на знаења на многубројни и разнообразни теми како: човекови права, култура, млади, културно наследство и сеќавање.

http://new.bn-mk.org/

institut international des DROITS DE L'HOMME et de la PAIX

METAMORPHOSIS
Foundation for sustainable ICT solutions

Децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија

СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРИВАТНОСТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Слобода на изразување

Дефиниција

Отпрво, слободата на изразување алудира на слободата на мислење. Слободата на мислење се однесува на можноста секоја индивидуа да може слободно да ги изрази своите идеи и мислења дури и ако тие се маргинални.

На пример, јас како индивидуа имам право да го изразам моето мислење, дури и ако тоа е негативно, за владата во земјата во која живеам, да го критикувам спортскиот тим што вообичаено го поддржувам, и сл...

Поимот слобода на изразување еволуираше и денес не се ограничува само на слободата на мислење, тој се однесува исто така и на **правото на информираност**. Секоја индивидуа треба да може да добива информации и слободно да ги пренесува. Впрочем, во Франција беше одлучено дека правото на слобода на изразување е пред сè поврзано со правото до пристап до комуникациски услуги на интернет[1].

Јас треба да имам слободен пристап до весникот или интернет страницата што сум ги избрал. Како новинар, треба да бидам во можност да го објавам написот што сум го напишал, итн...

Водечкото место што на денешницата го имаат дигиталните алатки (смартфон, интернет, безжичен интернет, социјални мрежи, блог), како и зголемувањето на бројот на инструментите за комуникација создаваат голема загриженост во поглед на самото дефинирање на границите на слободата на изразување. Дали слободата на изразување се применува за сите форми на комуникација?

Историски осврт

Слободата на изразување иако се чини дека е неоспорна, сепак претставува скорешна слобода во историјата на човештвото. Во Европа, идејата се разви во XVI век по иницијатива на Мартин Лутер[2] и реформистичкото движење од кое се родија две протестантски цркви. Реформистичкото движење се залагаше за радикална обнова на христијанските навики и раскинување со принципите поставени од Римската црква. Во тоа време, не се зборуваше за слобода на изразување, но идејата се согледуваше во волјата да се признае слободно практикување на верата.

1/ Одлука бр.2009-580, одлука на Уставен совет, 10 јуни 2009 година, креативни дела на интернет
2/ Мартин Лутер : германски теолог, татко на протестантизмот.

Слободата на изразување, онака како што ние ја знаеме, потекнува од XVIII век - векот на просветителството[3]. Во просветителството, акцентот беше ставен врз автономијата на индивидуите и развојот на критичкото размислување. Во таа насока, слободата на мислењето се чини фундаментална бидејќи овозможува секој да има пристап до знаења и да ја развива својата интелигенција.

Револуционерните движења во Франција и во Америка придонесоа кон признавање на слободата на изразување како едно од првите права на човекот: *„слободната размена на мисли и ставови е едно од најскапоцените права на човекот; според тоа, секој граѓанин може слободно да зборува, пишува, да објавува, но ќе биде одговорен ако се злоупотребува оваа слобода во случаите одредени со закон“* (чл. 11, Декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година).

Слободата на изразување е човеково право

Слободата на изразување е човеково право, односно право што му е вродено на секое човечко суштество, што е нужно за развојот на неговата човечност и кое во принцип не може да му биде одземено.

Слободата на изразување е човеково право и исто така претставува демократска слобода пар екселанс. Таа овозможува секој да биде информиран и да дебатира, таа претставува една од слободите што ја сочинуваат демократијата. Европскиот суд за човекови права всушност смета дека таа е *„еден од основните темели на едно демократско општество, еден од најзначајните услови за негов напредок и развој на секој поединец“*[4].

Слободата на изразување како основно човеково право, едногласно е гарантирана во документите поврзани со човековите права, без разлика дали тие се на ниво на држави или на меѓународно ниво.

На ниво на Европа, таа е утврдена во член 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи[5] и во член 11 од Повелбата за основните права[6]. На светско ниво, слободата на изразување е впишана во член 19 од Универзалната декларација за човекови права и член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[7].

3/ Името на движењето просветителство потекнува од волјата на европските филозофи од XVIII век да се борат против темнината на незнаењето преку ширење на знаењето.
4/ ЕСЧП Хендисајд (Handyside) против Обединетото Кралство, 7 декември 1976 година.
5/ Конвенцијата е потпишана во рамките на Советот на Европа, меѓународна организација составена од 47 европски земји.
6/ Документ потпишан од земјите членки на Европската унија.
7/ Документи составени во рамките на Организацијата на обединети нации.

Член 10 од Европската конвенција за човекови права

Слобода на изразување

Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на мислење и примање и пренесување на информации или идеи без какво било мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.

Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристраноста на правосудството.

Член 11 од Повелбата за основните права

Слобода на изразување и информирање

1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на свои ставови и на примање и давање информации и идеи без замешување од страна на некој државен орган и без оглед на границите.

2. Слободата и плурализмот на медиумите мора да се почитуваат.

Член 19 од Универзалната декларација за човековите права

Секој има право на слобода на мислење и изразување, ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вознемирување и да се бараат, примаат и шират информации и идеи преку медиуми од секаков тип и без оглед на границите.

Член 19 од Меѓународниот пат за граѓански и политички права

1. Никој не може да биде вознемируван поради своето мислење.

2. Секој има право на слобода на изразување. Ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор.

3. Остварувањето на слободата предвидена во став 2 на овој член повлекува посебни обврски и одговорности. Тоа може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни:

а) за почитување на правата и угледот на другите лица;

б) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал.

Слободата на изразување и информатичко-комуникациски технологии (ИКТ)

Информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) се дефинирани како спој меѓу информатичката технологија и комуникациските мрежи што овозможуваат да се комуницира на далечина по електронски пат. Најпознатите ИКТ се интернетот и мобилниот телефон.

ИКТ овозможуваат да *„се шират сите идеи“*[8] и да се поврзат географски одалечените лица. Според тоа, интернетот овозможи да се развие слободна и бесплатна размена на податоци и информации забрзувајќи го развојот на она што започнавме да го нарекуваме „информатичко општество“[9].

ИКТ станаа **неодминливи алатки за развивање на начинот на изразувањето на идеите и ставовите**. Тие преставуваат вистински платформи за слободно изразување и често се сметаат како пренесувачи на информации[10].

Овие нови партиципативни технологии сочинуваат нов простор за слободата на изразување, но во ниеден случај простор на беззаконие, како што и ќе видиме во наредните страници.

8/ Luc GRYNBAUM, *« Internet »*, in Dictionnaire des droits de l’homme, Quadrige- PUF, 2008, стр. 537.
9/ Ибидем
10/ Според една анкета спроведена од 2IDHP, 68% од испитаниците одговориле дека ги сметаат социјалните мрежи како извор на информации.

Слобода на изразување и почитување на поединецот

Човековите права олицетворуваат збир на вредности меѓу кои на врвот се наоѓа почитувањето на достоинството на секое човечко суштество. Овие вредности го уредуваат остварувањето на човековите права. Со други зборови, **не можеме да кажеме сè. Слободата на изразување не е апсолутно право.**

Државите се тие што треба да постават граници на слободата на изразување. Законите може да се разликуваат од една во друга држава во зависност од значењето што ѝ се дава на слободата на изразување во поглед на другите права или вредности што можат да бидат во контрадикторност со неа.

На пример, една земја како Соединетите Американски Држави ѝ дава на слободата на изразување суштинска вредност затоа што таа е загарантирана во првиот амандман од Повелбата за правата на човекот (Bill of Rights) според кој: *„Конгресот нема да донесе ниеден закон (...) кој ја ограничува слободата на говорот и на печатот“*. Начинот на кој текстот е составен остава малку простор за ограничување на слободата на изразување. Таа сепак има ограничувања, но кои не се толку значајни како ограничувањата што постојат во европски рамки.

Во Европа, без разлика дали станува збор за Советот на Европа или за Европската Унија, Европската конвенција за човекови права и Повелбата за основните права на Европската Унија поставуваат ограничувања на слободата на изразување. Тие ограничувања беа утврдени во националните закони и се однесуваа на традиционалните медуми, но денес се применуваат и за дигиталниот простор.

Говор на омраза

Кажување на работи што можат да шокираат или да повредат нечии чувствата е нешто што е својствено за слободата на изразување, тоа е она што го буди интересот за неа.

Но, до каде можеме да одиме? Дали можеме да кажеме дека странците се одговорни за невработеноста, дека хомосексуалноста е полова девијација или дека исламот преставува опасност[11]?

Без сомнение, интернетот е средство за унапредување на демократијата и човековите права, но може исто така да се користи за да се шират идеи кои го повредуваат човековото достоинство, особено идеи кои пренесуваат одредена омраза кон други. Тоа е она што го нарекуваме говор на омраза.

11/ Изрази што се извадени од случаи изнесени пред Европскиот суд за човекови права

Не постои консензус околу дефиницијата за тоа што претставува говор на омраза[12]. Сепак, Комитетот на министри на Советот на Европа даде дефиниција за поимот што може да служи како водич.

Говорот на омраза се однесува на *„сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам и други облици на омраза заснована на нетолерантнција, вклучувајќи и нетолерантнција изразена во форма на агресивен национализам, етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мирантите и лица со имигрантско потекло.“*[13]

Говорот на омраза е **говор кој е упатен кон едно лице или одредена група на лица**. Се работи за говор на нетолеранција. Иако секој може да биде мета на говорот на омраза, **најчесто лицата кои припаѓаат на ранливи групи се засегнати** (лица кои припаѓаат на етничко, верско малцинство, итн...).

Расистички и ксенофобичен говор на омраза

Расизмот може да го дефинираме како верување дека постои **хиерархија помеѓу „расите“ и супериорност на една раса врз сите останати**. Оваа дефиниција којашто се базира на биолошки разлики беше оспорена, но сепак остана терминот расизам. Денес, поимот расизам почесто упатува на културните разлики одошто на биолошка инфериорност.

Додека пак, ксенофобијата се карактеризира како страв, одбивност кон странците. Расистичките и ксенофобичните говори претставуваат **говори на презир кон странци или кон лица само поради нивното потекло**.

Насловна страница на весникот „Либр парол“ (Libre parole) од 10 септември 1899 година

Ваквите говори не се скорашни ниту во медиумите. Во Франција, случајот Дрејфус (Dreyfus) предизвика одредени весници од тоа време да прејаваат антисемитизам. Во денешно време, традиционалните медиуми се малку повнимателни иако некои насловни страници од весниците можат да нè замислат за ограничувањата на тоа што може да биде објавено во едно демократско општество.

Насловна страница на „Валер актуел“ (Valeurs actuelles), бр.4004, од 22 до 28 август 2013 година

12/ Anne WEBER, *Manuel sur le discours de haine*, Совет на Европа, 2009.
13/ Препорака бр.P(97) 20

Интернетот, поради своите карактеристики, го олеснува изразувањето и ширењето на расистички и ксенофобични изјави, особено на социјалните мрежи (Твитер, Фејсбук, итн...).

Хаштаг[14] „#добаревреин“(#unbonjuif) , „#мртовевреин“(#unjuifmort)

Низ призмата на хумор, француските корисници на Твитер објавија пораки со омраза кон Евреите групирани под хаштагот *„#добаревреин“, „#мртовевреин“* („#unbonjuif“, „#unjuifmort“).

©Сите права се задржани

Француските здруженија поднесоа тужба против компанијата Твитер поради јавно поттикнување на дискриминација, омраза или насилство. По тужбата, компанијата беше обврзана да ги даде податоците со кои може да се идентификуваат интернет корисниците кои биле автори на твитовите.

„Brat brisis go ovoj sto ne vrega , inace cengiz nie ne mozeme da bideme dobor so nekoj koj sto ne e nasa vera ,krv, nacionanalsnost. nema da bidam dobar vo moja drzava , zasto ovaa drzava e moja i kako sakam ke gi tretiram . zasto koga ke napravam razlika megu makedonec nas koj sto lici na covek i nekoj nivni izrod napraven so incest smrdi na jagnesko ne mozam da se pomiram dali toa ti e jasno“

(Извадок од објава на социјална мрежа)

14/ Хаштаг е клучен збор што се користи на социјалната мрежа Твитер

Ревизионистички говор

Пред сè, ревизионизмот значи негирање на геноцидот врз Евреите што го вршела нацистичка Германија за време на Втората светска војна. Во поширок контекст, терминот се употребува за **негирање на други историски факти што се сметаат за злосторства против човештвото**. Изразот ревизионистички говор не е нов, но како и сите други видови на говор, тој ги користи можностите што ги нуди дигиталниот простор за да се развие.

Дали ревизионистичкиот говор може да се смета како дел од слободата на изразување или пак тој претставува злоупотреба на слободата на изразување? На европско ниво, експлицитно ревизионистичките изјави не се поврзуваат со слободата на изразување и често се сметаат како форма на поттикнување на омраза.

Случај Гароди (Garaudy) против Франција (ЕСЧП 2003 година)

Авторот на делото насловено *„Митови врз кои се темели израелската политика“* (Les mythes fondateurs de la politique israélienne), г.Гароди беше осуден од францускиот судски систем за одрекување на злосторство против човештвото, јавна клевета кон група луѓе, во овој случај еврејската заедница, и поттикнување на расна омраза. Тој велеше дека била прекршена неговата слобода на изразување.

Европскиот суд го одби неговото барање. Судот процени дека содржината на изјавите на жалителот претставуваат негирање на холокаустот и потсети дека *„одрекувањето на злосторствата против човештвото претставува една од најострите форми на расна клевета кон Евреите и поттикнување на омраза кон нив“*. Тој потврди дека изјавите што ја одрекуваат стварноста на јасно утврдени историски факти, немале никаква научна или историска цел, но имале цел да го оживеат национално-социјалистичкиот режим и да ги обвинат самите жртви за фалсификување на историјата. Судот смета дека таквите постапувања очигледно се спротивни на основните вредности на Конвенцијата и жалителот не може да се потпре на одредбите од член 10 (слобода на изразување).

Говорот на омраза кон религиите

Примери

„Исламот надвор – да го заштитиме британскиот народ“[15]

Пред неколку години, еден англиски државјанин, член на британската национална партија залепи на својот прозорец слика од кулите близначки (Twin Towers)[16] како горат со натпис *„Исламот надвор – да го заштитиме британскиот народ“.*

Поради ваквиот чин г.Норвуд беше обвинет од британскиот судски систем за жесток напад врз верска група. Тој пак, ја оспори одлуката велејќи дека неговата слобода на изразување била прекршена. Па, тој се обрати до Европскиот суд за човекови права поради прекршување на член 10 за слобода на изразување од Европската конвенција. Судот утврди дека британските власти биле во право и процени дека *„еден таков жесток напад од општ карактер против верска група, што ја поврзува целата група со сериозен терористички акт, е спротивен на вредностите утврдени и заштитени во Конвенцијата, односно толеранција, социјален мир и недискриминација и дека г.Норвуд не може да ја ужива заштитата од член 10.“*

Говор на омраза и сексуална ориентација

Говорот на омраза може да биде насочен и кон група лица поради нивната сексуална определба.

„Педериве земаа доста замав во државава почнаа дури и со соопштенија да излегуваат, што мислите вие за оваа појава во државава? Навивачкиот став низ светот е добро познат за ова прашање. treba ovaa tema ozbilno da se zemi bez zaebancii, da ne dozvolime ovie bolestni lugje da ni setaat po ulici.“

(Извадок од објава на македонски форум)

Неодамна, Европскиот суд за човекови права требаше да се произнесе за еден случај поврзан со изјави со хомофобичен карактер[17].

15/ ЕСЧП Норвуд (Norwood) против Обединетото Кралство, 16 декември 2004 година, одлуки за допуштеност (http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_FRA.pdf)

16/ Зграда во Њу Јорк врз која беше направен терористички напад на 11 септември 2001 година.

17/ ЕСЧП, 9 февруари 2012 година, Вејделанд (Vedjeland) против Шведска

Г.Вејделанд разделувал летоци во едно училиште во Шведска во кои било напишано дека хомосексуалноста има *„морално уништувачко влијание во општеството“*, а хомосексуалците биле обвинети за ширењето на ХИВ. Згора на тоа, на летоците било напишано дека *„хомосексуалното лоби“* се обидува да ја потцени педофилијата. Г. Вејделанд беше осуден од шведските судови. Тој за случајот се обрати до Европскиот суд сметајќи дека имало прекршување на член 10 од Европската конвенција што ја штити слободата на изразување. Тој истакна дека воопшто нема намера да изрази презир кон хомосексуалците како група и дека неговото дејствување имало за цел да поттикне дебата за недостатокот на објективност во образованието во шведските училишта.

ЕСЧП сметаше дека Шведска е во право и за првпат ја прошири определбата на говорот на омраза за да ги опфаќа и хомофобичните изјави.

Како да се бориме против говорот на омраза на интернет?

Ако молчиме пред говорот на омраза, тоа значи дека го одобруваме. Ако молчиме, тоа значи дека говорот на омраза го третираме како обичен говор. Затоа е важно да се спротивставиме на развојот на ваквата форма на нетолерантност.

Како да му се спротивставиме? Постојат повеќе механизми што секој може да ги употреби за да го ограничи ширењето на пораки кои се спротивни на демократските вредности и на човековите права.

Коментарите на интернет

На интернет има можност да се одговори со *„коментари“* на објавите што можат да се оценат како говор на омраза. Ваквата можност да се реагира на објавените пораки овозможува **да се создаде простор за дебатирање и нуди можност секој да го даде своето мислење и да ги осуди пораките што содржат омраза.**

Оваа можност што ја нуди дигиталниот простор потсетува на ставот на либералниот филозоф Џон Стујарт Мил[18] кој сметаше дека говорите што содржат омраза ќе бидат искоренети ако дозволиме изразувањето да биде сосем слободно. Критичкото размислување и волјата на секој ќе придонесе кон демократска дебата што ќе ги отстрани таквите пораки. Истовремено, ваквата можност содржи ограничувања зашто коментарите на корисниците на интернет можат исто така и да го оправдуваат говорот на омраза.

Може да биде од полза ако им се наметне на интернет сајтовите и на другите извори на информации на интернет да воведат **постапка за сигнализирање на секаков говор на омраза**, како што е случајот во Франција преку платформата за сигнализирање на нелегална содржина на интернет.

Употреба на правото

„Иако е невозможно целосно им да се одземе на субјектите слободата на изразување, не би било помалку погубно да им се даде таа слобода во сите услови“

(Спиноза, Tractatus Thelogico-politicus, поглавје XX).

Понекогаш е потребно да се ограничи слободата на изразување со цел ефикасно да се бориме против говорот на омраза.

18/ Британски филозоф и мислител (1806-1873). Тој беше еден од највлијателните либерални мислители на XIX век.

На ниво на Совет на Европа[19], членот 10 од Европската конвенција за човекови права утврдува дека: *„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи **обврски и одговорност**, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, репутацијата или правата на **другите**, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристраноста на правосудството“ (член 10, алинеја 2 ЕКЧП)*.

Документот им овозможува на државите да ја ограничат слободата на изразување под одредени услови (вкупно 3):

- ограничувањето треба да биде предвидено со закон;
- треба да има легитимна цел;
- треба да биде потребно и соодветно на зацртаната цел.

Овие услови му овозможуваат на Европскиот суд да остварува **рамнотежа помеѓу различните права и слободи што се заштитени во Конвенцијата.** Сепак, Европскиот суд за човекови права многу внимава на ограничувањата на слободата на изразување бидејќи смета дека таа е ***„една од нужните основи на демократското општество“***. Неретко се случува Европскиот суд да смета дека одредени пораки колку и да се шокирачки, сепак се својствени за **дебатата од општ интерес** и се сметаат како слобода на изразување.

Како и да е, Европската конвенција и европската судска пракса се ефикасни алатки за борба против говорот на омраза.

Случајот Ѓундуз (Gündüz) против Турција[20]

За време на емитувањето на телевизиска дебата која се пренесуваше во доцни часови на една турска телевизиска станица, г.Ѓундуз остро ја критикуваше демократијата опишувајќи ги современите и секуларни институции како „безбожни“, силно критикувајќи ги поимите секуларизам и демократија и залагајќи се отворено за шеријат.

Тој беше осуден поради тоа што отворено ја поттикнувал публиката на омраза и на непријателство врз основа на разликување поради припадност кон одредена религија или секта. Г.Ѓундуз инсистираше дека била прекршена неговата слобода на изразување.

19/ Советот на Европа е главната организација за заштита на човековите права на европскиот континент.
20/ ЕСЧП Ѓундуз (Gründüz) против Турција, 4 декември 2003 година (http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_FRA.pdf)

Судот констатираше дека г.Ѓундуз кој застапувал екстремистички идеи за својата секта веќе добро познати за јавноста, активно учествувал во живата јавна дебата. Ваквата плуралистичка дебата имала за цел да ја претстави сектата и нејзините неконформистички идеи, односно некомпатибилноста на нејзиното сфаќање за исламот со демократските вредности, а тоа е тема на која широко се дебатира во турските медиуми и која отвора проблем од општ интерес. Судот процени дека говорот на жалителот не претставувал повик на насилство, ниту „говор на омраза“ заснован на верска нетолерантност. Таа заклучи дека има прекршување на член 10.

Француско законодавство

Поттикнување на омраза

Во Франција, може да се изречат казни за говорот на омраза според член 24, алинеја 8 од законот од 29 јули 1881 година што се однесува на слободата на печатот кој предвидува дека: ***„Сите наводи или обвинувања што ја повредуваат честа или угледот на една личност или тело на кое се однесува обвинувањето претставуваат клевета.*** *Директното објавување или репродуцирањето на наводите или обвинувањата се казниви дури и да имаат сомнителна форма или да се насочени кон личност или тело што изречно не се именуивани, но чие идентификување е можно преку изразите во говорот, викот, заканите, пишани или печатени, инкриминирани огласувања или постери.*

Секој навредлив израз, зборови на презир или понижување кои не содржат обвинување за некој конкретен факт претставуваат навреда.“

Законот од 21 јуни 2004 година за довербата во дигиталната економија им наметнува на лицата кои обезбедуваат пристап до интернет или кои нудат содржини на интернет да воспостават механизам за сигнализирање со цел да се обезбеди сузбивање на апологијата на злосторства против човештвото, поттикнувањето на расна омраза, како и детската порнографија (член 6.7).

Закони за историски настани

Во Франција, борбата против ревизионистичките изјави сè повеќе се одвива преку осврнувањето кон законите кои се однесуваат на историски настани. Станува збор за закони кои официјално признаваат одредени историски факти и забрануваат нивно негирање. Помеѓу ваквите закони, може да ги нотираме следниве:

- Законот Гесо (Gayssot) од 13 јули 1990 година кој забранува негирање на геноцидот врз Евреите;
- Законот од 29 јануари 2001 година преку кој Франција го призна ерменскиот геноцид од 1915 година;

- Законот Тобира (Taubira) од 21 мај 2001 година што ги утврдува трговијата со робови и ропството како злосторства против човештвото;
- Законот од 23 февруари 2005 година кој забранува секаква навреда, клевета кон Харките, како и апологија на злосторствата сторени против Харките;

Овие закони поттикнуваат жива дебата во француското општество: некои на нив гледаат како средство за воспоставување на официјална историја што ја ограничува дејноста на историчарите. Од аспект на слободата на изразување, може да се запрашаме дали овие закони имаат за цел повторно воведување на **прекршокот за искажување на мислење**[21]?

Сепак, законот од 23 јануари 2012 година кој има за цел да го потисне одрекувањето на геноциди признати со закон беше забранет од страна на Уставниот совет. Советот сметаше дека преку него се нанесува повреда на слободата на изразување.

Македонско законодавство

Во македонското право, ширењето омраза претставува **кривично дело за кое може да се изрече казна од 10 години затвор** (Кривичен законик).

Ваквите кривични дела може да се пријават анонимно во повеќе институции: со жалба до полицијата или обвинителството, со анонимна пријава до Министерството за внатрешни работи, во полиција (преку посебен број) или во одделението за компјутерски криминал (посебна електронска адреса).

Образование

За да се осуди говорот на омраза преку коментари на интернет или преку правото и правдата треба пред сè да има свесност за постоењето на таквиот говор. Несомнено, **првиот елемент што придонесува кон создавање на општество во кое се почитуваат правата** е образованието на младите за постоењето на говорот на омраза и за неговите последиците во општеството. Тоа е она што ние го нудиме преку овој прирачник.

Активност: Тековните настани ни нудат бројни примери за изјави кои може да шокираат или повредат, дури и да бидат окарактеризирани како говор на омраза. Иако се поставени граници на слободата на изразување, сепак тие не се апсолутни: утврдувањето дали еден говор е говор на омраза може да варира според контекстот во кој се искажани пораките.

21/ Stéphanie HENNETTE-VAUCHEZ, Diane ROMAN, *Droits de l'Homme et libertés fondamentales*, Dalloz, Collection Hypercours, 1ère édition, 2013, стр.387.

Подолу има скорешни примени (неисцрпни) за кои може да дискутирате со младите со коишто работите. Претходниот осврт може да ви послужи за дебатата.

Невиноста на муслиманите

Во 2012 година, прикажувањето на провокаторскиот краткометражен филм *„Невиноста на муслиманите“* (Innocence of Muslims) на интернет страницата за споделување Јутјуб (YouTube) предизвика многубројни антиамерикански протести во арапско-муслиманскиот свет. Филмот го прикажуваше пророкот Мухамед како будала и како сексуално опседнат[22].

Филмот беше осуден од страна на Бан Ки-Мун, генерален секретар на Обединетите нации, кој го прекори филмот *„полн со омраза кој се чини намерно беше создаден за да сее сектаријанизам и да предизвика крвопролевање“*.

Твит од феминистичката група ФЕМЕН[23]



Во 2013 година, една од лидерките на Фемен го објави овој твит: *„Што може да биде поглупаво од Рамадан? Што може да биде погрдо од таа религија?“*

Со право може да си го поставиме прашањето дали оваа изјава се смета за слобода на изразување или говор на омраза.

22/ http://www.lesechos.fr/economie-politique/monde/actu/reuters-00542504-l-auteur-du-film-l-innocence-des-musulmans-sorti-de-prison-595228.php
23/ Феминистичка група од Украина

„Како Хитлер да не уби доволно“

Во 2013 година, за време на посета на местото каде нелегално престојуваа Роми, францускиот пратеник и градоначалник Жил Бурдуле изјави: *„Како Хитлер да не уби доволно“*. Тој ги искажа овие зборови и беше обвинет за расизам и се соочи со нацистички поздрави.

Потоа, тој се обиде да ги оправда своите зборови: *„Да ве споредат со Хитлер, дали мислите дека тоа е пријатно? Постојано се навредуваме. Пред некој ден, ме нарекоа педофил. А пола од нивните деца се од татковици, дедовци...“*

На барање на Министерството за внатрешни работи, беше отпочната постапка против г.Бурдуле поради зборовите што ги искажа за време на посетата. Во август 2014 година, Апелациониот суд од Анже ја потврди осудата за градоначалникот поради апологија на злосторство против човештвото. Тој беше осуден со парична казна од 3,000 евра.

Клевета и навреда

Секој човек е слободен да ги искаже своите идеи и мислења. Станува збор за едно на *„најскапоцените права на човекот“* според Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот, составена за време на француската револуција од 1789 година. Меѓутоа, исто толку е скапоцено да се почитува достоинството на секое човечко суштество и како показател за тоа е првиот член од Универзалната декларација за човекови права кој утврдува дека : *„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права.“*

Според тоа, основната слобода на изразување на сопствените мислења без вознемирување треба да се усогласи со другите права кои имаат иста вредност. Поконкретно, **постоењето на контрадикторни основни права и нивното усогласување имплицира неможност да се каже сè во сите ситуации**. Поради тоа, меѓународните организации и државите усвојуваат закони што ја ограничуваат слободата на изразување со цел да ги заштитат правата на другите. Клеветата, а понекогаш и навредата се најчестите ограничувања на слободата на изразување.

Клевета

Можеме да кажеме сè, под услов **да не ја повредиме честа или репутацијата на другите.** Заштитата на честа и репутацијата одамна постои на меѓународно ниво. Членот 17.1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година утврдува дека *„Никој не може да биде изложен на самоволно или незаконито мешање во неговиот приватен живот, семејството, стан или преписка,* ***ниту на незаконити напади на неговата чест и репутација.“***

На европско ниво, волјата да се заштити репутацијата на другите се отсликува во забраната на клевета . Истата идеја постои и во француското право.

Во Франција, клеветата претставува кривично дело, утврдено во член 29, алинеја 1 од законот од 29 јули 1881 година како *„секој навод или обвинување кое ја повредува честа или угледот на* ***лицето*** *или* ***телото*** *на кое се однесува обвинувањето“.*

Во македонското право, клеветата долго време се сметаше како кривично дело пред да биде декриминализирана со законот од 14 ноември 2012 година. Оттогаш, за клеветата се надлежни граѓанските судови.

Клевета постои кога се упатува некој исказ со намера да се **наштети**, припишувајќи ѝ на некоја одредена или барем што може да се идентификува личност или група на лица **прецизни факти**. Според тоа, таа се разликува од навредата која не бара изречениот факт да биде прецизен.

На пример, *„постојан осуденик“, „мафиозо“, „лажго“* се сметаат како клевета, *додека „педер“ и „марионета“* се сметаат за навреди.

Без разлика дали е изречена јавно или не, секоја клевета е за осуда, главно варира казната за неа[24].

- Клеветата се смета како **јавна** кога се изрекува на јавно место (улица...), на место кое им е достапно на голем број лица (конференција отворена за сите) или преку некое средство што им е достапно на голем број на лица (весник, блог, итн...);
- Од друга страна, клеветата **не е јавна** кога е директно упатена кон едно лице во ограничен контекст.

Оној што ја изрекол клеветата може да одбегне осуда на повеќе начини, особено доколку ја докаже **вистинитоста на изјавата** или доколку укаже на **првенството на правото на јавноста на информираност.**

Правото на јавноста на информираност

Без разлика дали е јавно или не, секое лице е заштитено на ист начин против наводи што содржат клевета. Се вели дека едно лице е јавно кога истото е славно (актер, пејач, политичар...). Овие лица се повеќе засегнати од изјавите со клевета со оглед на тоа што медиумите секогаш бараат „ексклузивна вест“.

Ваквите информации за политичарите можат понекогаш да бидат шокантни, но сепак можат да се покажат како потребни за општиот интерес и демократската дебата. **Правото на јавноста на информираност** е суштинско право и составен дел на слободата на изразување. Сепак, лицата што се засегнати од изјавите исто така имаат право на достоинство и не може да бидат исмевани во изјави кои им штетат под изговор за транспарентност. Така, ширењето на гласини носи и ризик да се биде гонет и осуден поради клевета. Со цел да се избегне тој ризик, подобро би било да се проверат информациите.

Начинот на кој се искажува клеветата може да биде устен (говор или снимки), пишан и печатен (слики, тестови). Комуникацијата по електронски пат исто така се зема предвид[25].

Клевета на интернет

На интерет, изјавите што содржат клевета се движат и се шират многу бргу. Повредата што ѝ се нанесува на личноста во таков случај е уште поголема, особено поради тоа што остануваат траги на интернет. Кога едно лице чувствува дека неговата чест е повредена поради некоја објава на интернет, истото може да побара повлекување на објавата и може да се обрати до судовите.

24/ Во француското законодавство, јавната клевета е дело за кое се изрекува парична казна од 12 000 евра до 45 000 евра и една година затвор за клевета со расистички карактер. Клеветата што не е јавна претставува обичен прекршок за кој се изрекува парична казна од 38 евра.
25/ Член 23 од законот од 29 јули 1881 година

Дали клеветата на социјалните мрежи е јавна или не?

Ова е важно прашање бидејќи постојат различни санкции во зависност од тоа дали клеветата е јавна или не.

Кога судијата носи одлуки, **тој го користи терминот „заедница на интереси“**[26]. „Заедницата на интереси“ е составена од лица кои споделуваат заеднички идентитет, пасија, искуства или грижи. Доколку сите приматели на информацијата се поврзани во **„заедница на интереси“**, клеветата нема да биде јавна. Од друга страна пак, доколку нема заеднички интереси помеѓу примателите, клеветата ќе биде јавна.

Сè зависи од поставките за приватност на сметката на корисникот на интернет чии изјави се оспорени. Колку е поотворен пристапот до сметката, толку се поголеми шансите клеветата да се смета за јавна.

Доколку некое лице објавува изјави што содржат клевета на некоја социјална мрежа (фејсбук, твитер, итн...), а неговата интернет страница е отворена за сите, без ограничувања, има голема веројатност судијата да ја смета клеветата како јавна.

Истото правило се применува и за навредата.

Дали клеветата е претерано ограничување?

Иако се чини дека постои едногласност за забраната за клевета на европско ниво, Организацијата на обединети нации е поколеблива во тој поглед. Иако Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година ја заштитува репутацијата, **ООН се спротивставува на криминализација на клеветата.**

Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување, во една изјава за пречките за слобода на изразување , ја споменува криминализацијата на клеветата како пречка за целосно остварување на слободата на изразување.

Извадоци од изјавата:

„Казнувањето на пишаната или устната клевета, навреда или лажно обвинение што сè уште е на сила во поголемиот дел од земјите *(само околу 10 земји целосно ја декриминализираа клеветата)* ***претставува друга традиционална закана која тежи врз слободата на изразување.***

26/ Француски судии (Cass. 1re civ., 10 avr. 2013, n° 11-19.530, FS P+B+I : JurisData n° 2013-006693)

Законите што предвидуваат казни за клеветата се проблематични во целост, но ние сме поконкретно загрижени за следниве аспекти од законите за кои станува збор:

а) многу често законите не бараат тужителот да ги докаже главните елементи на прекршокот како невистинитоста на наводите и злонамерноста;

б) одредбите кои казнуваат точни изјави, верно репродуцирање на изјавата на официјални органи или пак изразување на мислење;

в) заштита на угледот на јавни органи, државни симболи или знамиња или на самата држава;

г) тоа што не се бара од државните претставници и јавните лица да признаат повисоко ниво на критика од обичните граѓани;

д) заштита на убедувањата, колективните мислења, идеологиите, религиите, верските симболи или идеи;

ѓ) користење на поимот клевета против група лица за да се казни говорот надвор од строгото поле на поттикнување на омраза;

е) прекумерни казни како затворска казна, особено условна, губење на граѓанските права, меѓу кои и правото на практикување на новинарството и парични казни од непропорционален износ".

Со други зборови, санкционирањето на клеветата не претставува проблем од аспект на слободата на изразување под услов санкцијата да не биде кривична.

Навреда

Навредите се вообичаена работа и сите ние ги кажуваме без притоа да сме секогаш свесни за нивните последици. **Една мала навреда на крајот на реченицата, препирања со другарите од училиште или збор упатен кон професорот што дозволуваме да ни излета...** Дали сите тие реченици кои може некому да му се чинат банални, можат да се сметаат како слобода на изразување? Или пак, за нив може да се изрече парична, дури и затворска казна?

Меѓународното и европското законодавство не се осврнуваат експлицитно кон навредата, но сепак таа е дел од ограничувањата што ѝ се поставуваат на слободата на изразување.

Во Франција, навредата е дефинирана во член 29, алинеја 2 од законот од 29 јули 1881 година.

Во македонското законодавството, од декриминализацијата во 2012 година, навредата потпаѓа под граѓанското право.

Навредите не се потпираат на прецизни факти за разлика од изјавите што содржат клевета. Како навреда се смета секој навредлив израз, зборови на презир или понижување кои не содржат обвинување за некој конкретен факт.

Да се каже дека некој е педофил претставува навреда, додека пак тврдењето дека некој сексуално нападнал малолетник од 15 години е клевета. Впрочем, кога се вели дека некој сторил сексуален напад, значи на тоа лице му се прекерува за прецизен факт, за конкретно дејствие. Спротивно на тоа, кога некој е нарекуван педофил, тоа соодветствува на општ термин што не содржи прецизно дејствие (иако тоа се подразбира).

Секоја навреда треба да се осуди, било да е изречена на јавен или приватен простор, само казната варира[27].

- Навредата се сметат како **јавна** кога се изрекува на јавно место (улица, парк...), на место отворено за голем број на лица (конференција отворена за сите) или на некое средство што им е достапно на голем број лица (весник, блог, итн...).
- Спротивно на тоа, навредата се смета како **приватна** кога таа е директно упатена кон одредено лице во ограничен контекст.

Во некои законодавства[28], дозволено е да се одговори со навреда на упатена провокативна изјава. Сепак треба да се исполнат некои услови, сериозноста на навредата не треба да биде непропорционална во поглед на провокацијата и треба да биде изречена во блиско временско растојание. Всушност се користи изговорот за провокација.

Случајот: *„Губи се, копук низаеден“*

За време на една посета во 2008 година, Никола Саркози, претседател на Република Франција, се најде во ситуација кога еден човек одби да се ракува со него велејќи му: *„а не, не ме доппирај, ќе ме извалкаш“*. На тие зборови, претседателот одговори: *„тогаш губи се, губи се, копук низаеден“*. Поради тоа што имаше претседателски имунитет[29] што го штитеше од какво било судско гонење, претседателот не беше гонет, но се поставува прашањето дали тие зборови претставуваат навреда. Доколку одговорот е позитивен, дали би можел да се искористи изговорот дека се работело за провокација за да се избегне осудата? Сè наведува да мислиме дека одговорот е непропорционален и дека изговорот за провокација не би бил прифатен од судиите.

27/ Во француското законодавство, јавната навреда е дело казниво со со парична казна од 12 000 евра до 22 500 евра и шест месеци затвор за навреда со расистички карактер. Навредата што не е јавна пак, е обичен прекршок за кој се изрекува парична казна од 38 евра.

28/ Така е во француското законодавство

29/ Според членовите 67 и 68 од францускиот Устав, претседателот на Републиката не е одговорен пред судовите за дејствата сторени за време на извршување на своите функции.

Истата година, за време на друга посета, еден опозициски активист мавташе со постер на кој беа напишани истите зборови како оние што ги изговори Никола Саркози, односно *„губи се, копук низаеден“*. Тој беше осуден со условна фиксна парична казна од францускиот судски систем поради напад на шефот на државата[30], дело што сепак до тогаш беше вон употреба, а не поради навреда. Секое лице, без оглед дали е приватно или јавно, е заштитено од навреди. Во Франција, претседателот на Републиката уживаше посебна заштита зашто постоеше прекршок за напад на шефот на државата.

Авторот на постерот, од принцип, се обрати за случајот до Европскиот суд за човекови права поради прекршување на правото на слобода на изразување. Во пресудата Еон (Eon) против Франција од 14 март 2013 година, Европскиот суд ја осуди Франција за повреда на слободата на изразување. По ваквата одлука, француското национално собрание го повлече прекршокот од француското законодавство. Оттогаш, претседателот на Републиката не ужива посебна заштита и постои само прекршокот за навреда.

Овој пример ги илустрира ризиците, но истовремено и **ограничувањата што една држава може да ѝ ги постави на слободата на изразување**. Впрочем, обидот да се забранат навредливите зборови упатени кон шефот на државата може да претставува кочница, дури и пречка за слободата на изразување. Доколку таа често се користи, таа може да го спречи искажувањето на критички зборови кон шефот на државата со ризик да ја стави во прашање демократијата.

Навредите на интернет

Корисниците на интернет редовно користат навредливи зборови во своите твитови, блогови, коментари исто како следниве изјави за кои беше поднесена жалба пред Касациониот суд во Франција:

„Саркози би требало да изгласа закон за да ги истреби одвратните директорки како мојата!!!“ (сајт MSN)

„Истребување на одвратните директорки“ (Фејсбук)

„Да ги елиминираме нашите шефови особено нашите (незадоволени) шефици што ни го загорчуваат животот ! ! !“ (Фејсбук)[31]

Исто како и клеветата, навредите се шират брзо и се повидливи на интернет бидејќи секој искажан збор на интерет остава трага. **Гореспоменатите закони се применуваат и за навредите на интернет.**

На пример, **продавањето маици на интернет на кои беа напишани хомофобични пораки беше осудено како јавна навреда на хомосексуалците**[32].

30/ Ова дело предвидено со законот од 29 јули 1881 година дефинитивно беше укинато во француското законодавство со законот од 5 август 2013 година.

31/ Касационен суд, прв граѓански оддел, 10 април 2013 год., бр.11-19.530

32/ Висок основен суд Париз, 5 февруари 2007 год., СОС Хомофобија, Париз Сен Жерман против Винсент К.

Активност: прашајте ги младите со кои работите дали објавиле пораки на интернет што би можеле да бидат окарактеризирани како навреда или клевета. Доколку одговорот е позитивен, прашајте ги дали се свесни дека таквите пораки можат да повредат нечие достоинство? Дали знаат дека судовите можат да изречат санкции за таквите пораки?

За тешкотијата за казнување на злоупотреби на слободата на изразување на интернет

Главниот проблем со интернетот и неговото регулирање е **одговорноста**.

Кога се праќаат нелегални пораки може да се бара осудување на нивниот автор. Меѓутоа, кој е одговорен за тие пораки: давателот на хостинг услуги? Авторот на пораките? Давателот на пристап на интернет?

Тешко е да се идентификува авторот кога тој се крие зад псевдоним за да остане анонимен. Што се однесува до давателите на услуги, за нив е тешко да ги почитуваат сите национални законодавства на сила бидејќи интернетот е светска мрежа. Затоа, нетрпеливо се бара усогласување на законодавствата за да исчезнат правните тешкотии и неказнувањето што понекогаш произлегуваат од тоа.

Jaxy (Yahoo) и продажбата на нацистички предмети

Еден случај ги илустрира тешкотиите во поглед на земањето предвид на различни законодавства за да се бара одговорност од еден давател на хостинг услуги.

Интернет страницата Jaxy, со седиште во Соединетите Американски Држави, продаваше предмети со нацистички карактеристики. Во Соединетите Американски Држави, ваквото дејство е заштитено со првиот амандман од американскиот Устав кој ја гарантира слободата на изразување. Со оглед на тоа што интернет страницата е достапна за целиот свет, француските здруженија се обратија до националните судии за да побараат таквите предмети да не бидат достапни за онлајн продажба во Франција каде што се забранети вакви симболи. Американските судии на крај го прифатија барањето од Франција и воведоа систем за филтрирање за ваквите нелегални предмети да не се појавуваат на француските компјутери[33].

33/ Stéphanie HENNETTE-VAUCHEZ, Diane ROMAN, *Droits de l'Homme et libertés fondamentales*, Dalloz, Collection Hypercours, 1ère édition, 2013, стр. 402

Постепено се воведува одговорност на давателите на пристап на интернет (кои овозможуваат поврзување на интернет) и на давателите на хостинг услуги (кои обезбедуваат простор за складирање/изразување на една интернет страница) поради олеснување на ширењето на изјави кои се сметаат за нелегални[34].

Всушност, одговорноста на авторите тешко се утврдува, па законот се врти кон давателите на хостинг услуги и на пристап на интернет. Постапките против давателите на хостинг услуги се сè почести, како што е случајот со тужбата против Твитер.

34/ Luc GRYNBAUM, « Internet », in Dictionnaire des droits de l'homme, Quadrige- PUF, 2008, стр. 538.

Слобода на изразување и медиуми

Постои нераскинлива врска меѓу слободата на изразување и платформите на кои таа се остварува, односно медиумите. Медиум претставува *„средство што овозможува ширење, емитување или пренесување на звучни или аудиовизуелни дела, документи или пораки (печат, кино, постери, радиодифузија, телевизиско емитување, видеографија, кабелска телевизија, телематика, телекомуникација)“.*

Новите информатичко-комуникациски технологии значајно ја променија медиумската сфера: покрај печатот, радиото и телевизијата, интернетот се наметна како неопходен медиум за нашите информатички општества.

Но без оглед на тоа дали се работи за нови или традиционални медиуми, постоењето на слобода на изразување подразбира постоење на одредени заштитни мерки што ги штитат или регулираат медиумските активности.

Заштитување на медиумите

„Јас не се согласувам со тоа што го велите, сепак ќе се борам до крај за вие да можете да го кажете тоа“.

Оваа реченица која му се припишува на Волтер, ја илустрира потребата од разновидност на мислењата и од толеранција кон различни мислења.

Но поради тоа што слободата на изразување и на информираност дозволува критикување, таа често предизвикува страв кај некои власти (држави, религии, претпријатија...) кои можат да бидат доведени во искушение да ги замолчат медиумите.

За време на Стариот режим (период пред француската револуција од 1789 година) француската монархија употребувала државна **цензура**: објавувањето на весници и други дела подлежело на претходна контрола од кралските цензори.

бр. 941, насловна страница од 30 јуни 2010 год.

©Сите права се задржани

Волтеровите *„Филозофски писма“* кои денес можат да се најдат во поголемиот дел од француските книжарници, добиле цензура кога биле објавени.

И денес, во многу земји сè уште се користи државната цензура. А, кога не се користи, неретко гледаме како се развиваат феномени на автоцензура. Новинарите понекогаш се чувствуваат како да се под надзор и под закана и решаваат да не обработат некоја информација или да не состават напис кој не е според нивните ставови.

На меѓународно ниво, специјалниот известувач на ООН за заштита и унапредување на правото на слобода на мислење и изразување идентификуваше десетина пречки на слободата на изразување помеѓи кои се: механизмите за контрола на медиумите од страна на државата и особено **контрола врз интернетот**[35]. Потенцијалот на интернетот како средство за унапредување на слободното движење на информацијата и идеите не е целосно остварено поради желбата на одредени држави да го контролираат овој медиум или да го намалат неговото користење.

Наспроти овие ризици, се чини дека е неопходно да постојат **закони што ја штитат слободата на медиумите** за да се обезбеди ефективно остварување на слободата на изразување и информирање.

Во Франција, заштитата на слободата на медиумите е стара, таа потекнува од законот од 29 јули 1881 година кој ги дефинира слободите и одговорностите на францускиот печат. Најголемиот дел од правилата од законот денес се применуваат за интернетот. Ваквите закони овозможуваат да се избегне појавување на идејна диктатура во која сите пренесени информации би требало да добијат одбрение од владејачката структура.

Со цел да се избегне автоцензура и да се гарантира слободата на изразување, потребно е исто така медиумите да гарантираат **заштита на личноста што ја дава информацијата.** Станува збор за обезбедување на заштита на новинарските извори. Далеку од тоа дека заштитата е постигната во Европа покрај ставот на Европскиот суд за човекови права кој смета дека заштитата на доверливоста на изворите *е еден од темелите на слободата на печатот*[36].

Во Франција, законот од 4 јануари 2010 година го призна принципот на заштита на тајноста на изворите. Овој принцип оттогаш се гарантира во член 2 од законот од 29 јули 1881 година. Меѓутоа, францускиот закон **се применува само за професионалните новинари, односно ги исклучува блогерите од таа заштита.** Сепак, притисоците (закани, апсења) и цензурата постојат како за новинарите така и за блогерите[37].

Одредени корисници на интернет се соочуваат со **филтрирање** на содржини, со **принудни исклучувања**, дури и **апсења** поради прекршокот за искажување на

35/ http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G10/125/35/PDF/G1012535.pdf?OpenElement
36/ ЕСЧП, Г.К., 27 март 1996 год., Гудвин (Goodwin) против Обединетото Кралство, жалба бр. 17488/90
37/ http://fr.rsf.org/entre-surveillance-et-filtrage-la-13-03-2012,42050.html (посетен на 09/08/2013)

мислење[38]. Или уште полошо, примерот со младата Пакистанка Малала Јусафзаи која беше жртва на обид за убиство поради своите ставови и залагања за правото на образование[39]. Тинејџерката, која ја доби наградата Сахаров за слобода на мислење во 2013 година и Нобеловата награда во 2014 година, пишуваше под псевдоним на блог хостиран од Би-Би-Си[40] каде раскажуваше за секојдневието во еден регион, долината Сват под талибанска контрола.

Иако слободата на медиумите треба да се заштити, понекогаш се чини дека е неопходно **да се регулираат медиумите за да се избегнат злоупотреби.**

Регулирање на медиумите

Регулирањето на медиумите може да се јави во повеќе облици: може да се работи за **државно регулирање**, но исто така и за **саморегулирање**.

Саморегулирање на медиумите: целта е да се воведат минимални деонтолошки принципи за почитување на правата на индивидуите, за точноста на пренесените информации, итн., задржувајќи ја целосно уредничката слобода за избор на темите и за изразените мислења[41].

Иако нема единствен модел за саморегулирање на медиумите, токму овој се препорачува бидејќи **им дава одговорност на медиумите, но кредибилитет во очите на јавноста.**

Државната интервенција може во одредена мера да се покаже како потребна со цел да се заштити општиот интерес, но под услов да не се загрози слободата на информирање. Може да биде корисно да се обезбеди заштита за малолетниците од објави кои се шокирачки и неприлагодени за нивната возраст.

Исто така и на интернет се чувствува потребата за регулирање. Впрочем, интернетот е медиум на кој не сите што објавуваат содржини се новинари што ја почитуваат етиката и деонтологијата. Според судската пракса на Европскиот суд за човекови права, државите имаат обврска да го регулираат интернетот. (К.У. против Финска 2/12/2008 бр. 2872/02).

38/ УНЕСКО, Светски ден на слобода на печатот 2011 : медиумите во XXI век
39/ http://www.france24.com/fr/20121009-malala-yousafzai-pakistan-bloggeuse-14-ans-survit-a-une-attaque-taliban (посетен на 22/08/2103)
40/ http://news.bbc.co.uk/2/hi/south_asia/7834402.stm (посетен на 22/08/2013)
41/ Практичен водич за саморегулирање на медиумите (ОБСЕ): http://www.osce.org/fr/fom/31498?download=true

Генерално, **постојат две можности за регулација:**

- превентивна регулација кога се контролира информацијата пред нејзиното ширење;
- апостериорна регулација кога се контролира информацијата по нејзиното ширење.

Европскиот суд ја претпочита апостериорната контрола која ја бара одговорноста од авторите, а не цензурата како што често се случува кога се врши превентивна контрола.

Во Франција постојат повеќе инстанци за регулирање на медиумите:

- **Вишиот совет за аудиовизуелна дејност** (CSA) кој го регулира емитувањето на програми на радио и на телевизиските медиуми. Во моментов, CSA ги регулира само телевизиските канали што се емитуваат преку електромагнетни бранови и нивните видео услуги на барање и не е официјално надлежен за регулирање на интернетот. Сепак, тој внимава на информациите што се шират на интернет: *„иако не е надлежен за сите содржини што се шират на интернет, Советот посветува големо внимание на заштитата на децата и адолесцентите на тој медиум“*[42]. Во план е на овој *„полицаец за аудиовизуелна дејност“* да му се дадат овластувања за да ги контролира интернет сајтовите.
- Постои друго регулаторно тело кое интервенира на интернет: **Националната комисија за информатика и слобода** (CNIL). Ова реглаторно тело издава препораки и совети за користење на интернет: http://www.cnil.fr

Обработка на информации

Секоја индивидуа има потреба од информации за да биде информирана и да се развива во општеството кое ја опкружува. Впрочем, **добивањето информација значи отстранување на некоја неизвесност**. Слободата на изразување го вклучува ова право на информираност. Најчесто, луѓето ги бараат потребните информации на традиционалните медиуми или на интернет.

Во еден демократски режим, индивидуата треба да има можност да избира помеѓу повеќе медиуми. **Правото на информираност е нераскинливо од плурализмот**. Поимот плурализам му гарантира на оној што ја добива информацијата разноликост, особено политичка, во начинот на кој весниците ги обработуваат информациите.

Една информација нема да биде обработена на ист начин од весник што застапува една идеологија, од **сатиричен весник, општ весник, телевизиски вести, итн...** На

42/ www.csa.fr/Television/Le-suivi-des-programmes/Jeunesse-et-protection-des-mineurs/La-protection-des-mineurs-sur-internet

пример, весникот што застапува една идеологија ќе настојува да ги обработува информациите според вредностите што ги поддржува, додека пак општиот весник ќе избере понеутрален пристап.

Исто така, **перцепцијата** на информацијата зависи од многу фактори: јазикот што се употребува, избраната слика или локацијата и должината на написот влијаат врз перцепцијата на оној што ја прима информацијата.

Плурализмот на медиумите е потребен[43] за демократијата затоа што му нуди можност на граѓанинот да направи избор и да има критички пристап кон информациите.

Плурализмот кој придонесува за разноликост на информациите понекогаш е оспоруван од владите кои се обидуваат да вршат **влијание**, дури и **контрола** врз медиумите.

Читателот, слушателот или корисникот на интернет би требало непрестајно да си поставуваат одредени прашања и **критички да размислуваат** кога се соочуваат со некоја информација: *Кој ја шири оваа информација? Кои се изворите? Во каква форма пишува тој? Дали мислењата на пренесувачот се под некакво влијание? Дали пишува за некој политизиран медиум?*

Критичкото размислување претставува оружје што помага да се заштитиме и да ги разликуваме корисните информации од оние кои се погрешни, дури и опасни.

Обработување на информациите на интернет

Интернетот навремено нуди пристап до информации за сè што се случува во светот. Ширењето на информации не бара претходно печатење како за пишаните медиуми. Покрај тоа, ширењето на информации на интернет не е секогаш резултат од работата на професионалците за информирање (блогови, социјални мрежи...). Како резултат на тоа, информациите нема да бидат обработени ист начин на таканареченото традиционален медиум и на социјална мрежа. Всушност, традиционалните медиуми, како и нивната *„дигитална“* верзија (онлајн весници), работат според **правила и новинарска етика** кои меѓу другото подразбираат и проверка на изворите. Спротивно на тоа, активниот блогер или корисник на интернет на социјалните мрежи кои само го користат своето право за пренесување на информации можат да објавуваат што сакаат без задолжително да ги проверат информациите, па според тоа треба да се биде внимателен.

На интернет, а особено на социјалните мрежи, информацијата се заснова на **размена на идеи** и лицата кои ги шират понекогаш покажуваат иронија и сакаат да се забавуваат. Токму затоа треба да бидеме внимателни. Впрочем, **пред да се провери, информацијата претставува гласина.**

43/ Frédéric SUDRE, *Droit européen et international des droits de l'Homme*, PUF, Collection « Droit fondamental », 11ème édition, 2012, стр. 608.

Активност: изберете некоја информација и анализирајте заедно со учениците или учесниците на кој начин различните медиуми ја обработуваат (телевизија, печат, интернет, медиум што застапува една идеологија, општ медиум, итн.) Потоа, побарајте го нивното мислење за плурализмот на медиумите (дали тоа е важно? Бескорисно? итн...)

Подолу се прикажани неколку примери за **различно обработување на информациите од страна на медиумите.**

Пукање во приврзаниците на египетскиот претседател кој беше симнат од власт во јули 2013 година

Насловна страница на весникот „Ле Монд“ (Le Monde) од 10 јули 2013 година. © Сите права се задржани

Насловна страница на „Ле Фигаро“ (Le Figaro) од 10 јули 2013 година. © Сите права се задржани

Насловна страница на весникот „Чарли Ебдо“ (Charlie Hebdo), 10 јули 2013 година, © Сите права се задржани

©Сите права се задржани

Изборот на сликата има важна улога во тоа како ќе се доживее информацијата. Таа често се избира за да понуди нешто сензационално. Згора на тоа, важно е да се анализира кадарот на фотографиите, насловот и употребените бои.

Цунами во Јапонија (2011 година)

©Сите права се задржани

Извор на сликите : http://www.clemi.org/fr/ressources_pour_la_classe/dossiers-thematiques/dossier-japon-2011/fiche-eleve-la-madone-des-decombres/

Приватност

Дефиниција

*„Вистината за некој е пред сè она што тој го крие“ (*Андре Малро*, Антимемоари).*

Од овој цитат, воочуваме колку е важна заштитата на приватноста, но истовремено и колку тој поим е загадочен. Не е лесно да се дефинира приватноста за разлика од слободата на изразување. Се работи за **поим со варијабилна геометрија чии контури варираат од една до друга индивидуа.**

Сепак, постојат неколку карактеристични елементи.

Приватноста подразбира индивидуална независност, таа ја пренесува идејата дека секое лице може слободно да го води својот живот како што сака, без надворешни влијанија и одредувајќи кои информации ќе бидат откриени.

Со други зборови, можеме да споредиме приватноста со една соба. Таа соба е мој личен простор и јас имам право да ја затворам вратата од собата и да одлучам на кој ќе му ја отворам.

Активност: побарајте од учениците да најдат насловни страници од печатени весници или извадоци од телевизиски вести од пред 10, 20 или 30 години и споредете ги со денешните вести. Тие сигурно ќе констатираат дека се променил односот кон приватноста во медиумите.

Завршете поставувајќи им го прашањево: кое е вашето мислење за ограничувањата што треба да им се постават на медиумите?

Историски оствpт

За време на стариот режим[44], парижаните имаа навика да се бањаат голи во Сена, кралицата на Франција јавно се пораѓаше и кралот умираше пред очите на јавноста[45]. Во тој период, во Франција, како и во поголемиот дел од европските монархии, приватноста немаше големо значење за индивидуите.

Исто како за слободата на изразување, филозофите од просветителството од XVIII век и либералните теоретичари од XIX век го развиле поимот **индивидуална слобода**, како и приватност *„Од она што го претставив произлегува дека (...) мирното уживање во приватна независност треба да е дел од нашата слобода“*[46]. Од тој период, секој има **право да располага со приватен простор што се разликува од колективната сфера и од општестевниот живот.**

44/ Период пред Француската револуција од 1789 година.

45/ Patrick BLOCHE et Patrice VERCHERE, *« les droits de l'individu dans la Révolution numérique »*, Информативен извештај, Национално собрание, 2011 год., стр.124

46/ Benjamin CONSTANT, « De la liberté des anciens comparées à celle des modernes », Discours prononcé à l'Athénée, 1819.

Иако правото на приватност не беше познато пред повеќе од два века, сепак тоа стана суштинско до таа мера што денес има вредност на човеково право.

Правото на приватност е човеково право

Правото на приватност е човеково право, односно се смета како **неопходно за почитување на слободата и достоинството на човековата личност**. Со други зборови, секој човек го има тоа право што го гарантира државата и што другите треба да го почитуваат.

Според тоа, ова право е впишано во сите важни документи за заштита на човековите права:

Член 12 од Универзалната декларација за човекови права

„Никој не смее да биде изложен на произволно мешање во приватниот живот, семејството, домот или преписката, ниту на напади врз честа и угледот. Секој има право на заштита од законот против вакво мешање или напад.“

Член 8 од Европската конвенција за човекови права

„1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.

2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.“

Повелба за основните права на Европската Унија

Член 7: „ Секој има право да се почитува неговиот или нејзиниот приватен и семеен живот, дом и комуникации.“

Член 8: „1. Секој има право на заштита на личните податоци што се однесуваат на него/неа.“

2. Таквите податоци мора да се обработуваат чесно за специфични намени и со согласност од

засегнатото лице или врз некоја друга легитимна основа предвидена со закон. Секој има право на пристап до собрани податоци што се однесуваат на него/неа, и право на исправање на тие податоци.

Усогласувањето со овие правила подлежи на контрола од независно тело.

Член 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права

1. Никој не може да биде предмет на самоволни или незаконити мешања во неговиот приватен живот, во неговото семејство, во неговиот стан или неговата преписка, ниту на незаконити повреди нанесени на неговата чест или на неговиот углед.

2. Секое лице има право на законска заштита против ваквите мешања или повреди.

Правото на приватност и новите информатичко-комуникациски технологии

Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Снепчет, Скајп, Мајспејс, Јутјуб, Дејлимоушн, итн... списокот на програми на интернет чија цел е размена на информации е долг и непрестајно, речиси секојдневно еволуира.

Дигиталниот простор нуди безброј можности: создавање на блог, посетување на други блогови, зборување со пријатели, споделување слики и други поинтимни работи. Но, тој создава и загриженост во поглед на почитувањето на приватноста бидејќи кога ќе се објави лична информација, тешко може да се вратиме наназад. Копчето *„назад“* речиси и да не постои на интернет!

Спротивно на широкораспространетото мислење, интернетот не е бесплатен простор[47]. Разни трговски субјекти се интересираат за собирање и користење на личните информации што се шират на интернет.

Таргетирањето според однесувањето е распространета практика кај најголемите пребарувачи на интернет (Јаху, Гугл...). Ваквите сајтови можат да праќаат реклами врз основа на претходните пребарувања на корисниците на интернет доколку тие не ги подесат критериумите за приватност.

47/ 40% од лицата што одговорија на истражувањето објавено од Меѓународниот институт за човекови права и мир во август 2013 година, сметаат дека социјалните мрежи се бесплатни.

Во време кога младите се оние што најмногу го користат интернетот, корисно е да ја подигнеме нивната свест за начините на кои можат да ја заштитат својата приватност, но и за ограничувањата што треба да ги почитуваат за да ја заштитат приватноста на другите.

Активност: прашајте ги учениците кои социјални мрежи ги користат и за какви цели? Многу е веројатно тие секојдневно да корисат повеќе социјални мрежи.

Потоа, прашајте ги дали одвоиле време за да се информираат за правилата за приватност на социјалните мрежи и дали самите ги подесиле критериумите на својот профил.

Заштита на приватноста

Да се зборува за право на приватност, а не само за приватност, имплицира правна заштита за истото. Всушност, право коешто не можеме да го заштитиме и да бараме негово почитување не е право.

За да постои ефикасна правна заштита треба да постои прецизна дефиниција за правото на приватност. Тоа може да се чини парадоксално доколку сметаме дека приватноста е субјективен поим, својствен за секоја индивидуа. Според тоа, **европското право и поголемиот дел од националните права утврдија критериуми.**

Помеѓу тие критериуми се и следниве:

- Приватноста се однесува на **личните податоци** во тесна смисла (име, презиме, адреса, семејство, здравствена состојба, имот...), **имиџот и социјалниот живот** (пријателски, деловни, трговски врски...);
- **Правото на приватност го имаат сите индивидуи:** без разлика дали сум анонимен граѓанин или претседател на републиката, јас во принцип имам право на заштита на мојата приватност.

„Секое лице, кој и да е неговиот ранг, потекло, имот, тековни или идни фунцкии има право на почитување на приватноста“ (Касационен суд на Франција, 2004 година).

- **За да се објави некоја информација поврзана со приватниот живот на некоја личност потребна е согласност од таа личност.** Секоја индивидуа треба да има контрола над својата приватност и да може да даде согласност. Во спротивно, личноста може да побара објавата да биде повлечена и да побара исплаќање на обештетување поради претрпената штета. Сепак, **личноста може да се предомисли** и да одлучи да ја повлече својата согласност или да ја даде иако првично одбила.

Приватност и слобода на изразување.

Понекогаш се случува правото на приватност и слободата на информирање на медиумите да бидат во контрадикторност. Како да се усогласат овие права? Треба да се работи случај по случај бидејќи секоја ситуација е различна и **да се одреди дали објавената информација што е дел од нечија приватност се смета како дел од дебатата од општ интерес**. Треба да се провери дали таа информација е корисна за демократската дебата.

Илустрации:

- Објавувањето на информација за здравствената состојба на претседателот на републиката се смета како дел од дебатата од општ интерес.
- Објавувањето на информација за одморот на кралското семејство се смета како информација поврзана со нивната приватност.

Активност: прашајте ги учениците дали понекогаш објавуваат фотографии од своите пријатели на социјалните мрежи. Нивниот одговор несомнено ќе биде позитивен.

Потоа, прашајте ги дали тие го прават тоа со или без дозвола од пријателите на фотографијата. Најчесто го прават тоа без нивна дозвола.

Француско законодавство

Уважувањето на правото на почитување на приватноста потекнува од законот од 17 јули 1970 година што го има во член 9 од Граѓанскиот законик:

„Секој има право да му се почитува приватноста.

Судиите можат, без оглед на надоместот на претрпената штета, да ги одредат сите мерки како конфискација, запленување и друго за да спречат или запрат повреда на интимноста на приватноста: овие мерки може, доколку постои итност да бидат изречени по брза постапка“.

Заштита на личните податоци на интернет

Според дефинициите, личните информации целосно или делумно (информации кои овозможуваат да се идентификува едно лице) се однесуваат на приватноста. Ние главно ќе се осврнеме на **личните податоци во поширока смисла.**

На интернет, можностите за собирање, регистрирање и меморирање на податоци се речиси неограничени. Сè што се прави на интернет се регистрира и меморира. **Ништо не исчезнува од интернет** и многу е лесно да се најдат траги од интернет корисниците. Според тоа, што останува од правото на приватност на интернет? Тоа право постои, но заштитата станува кревка.

Во Европската Унија, кога се работи за **следење на личните податоци преку колачиња, државите имаат обврска**[48] да ги известат корисниците на интернет за целта на оваа постапка и да добијат согласност од нив за нивно користење.

Во последниве месеци, Судот на правда на Европската Унија[49] исто така даде први контури на **правото на дигитален заборав**. На барање на корисниците на интернет, Судот утврди обврска за пребарувачите да ги избришат податоците поврзани со името на корисниците во списокот со резултати што се прикажува кога се прави некое истражување. Поинаку кажано, кога го впишувате вашето име на некој пребарувач и кога се прикажуваат информации што не сакате да бидат објавени, можете да побарате истите да бидат повлечени.

Според тоа, **најдобриот начин корисниците да се заштитат на интернет е да бидат претпазливи**, односно треба да внимаваат на приватните информации што ги објавуваат, да ги бришат претходните пребарувања на интернет, итн...

Активност: предложете им на учениците да го впишат своето име и презиме или псевдоним на некој пребарувач. Што најдоа? Дали се зачудени од резултатот? Зошто?

Совети за повлекување на лични информации објавени на интернет:

- Контактирајте ја личноста што ги објавила и побарајте да ги отстрани информациите
- Контактирајте го интернет сајтот што ги чува фотографиите и побарајте отстранување
- Контактирајте го националниот орган за заштита на лични податоци

48/ што произлегува од директивата 2009/136/ЕЗ

49/ Jean Philippe FOEGLE, « La CJUE, magicienne européenne du droit à l'oubli numérique », *La Revue des droits de l'homme* [En ligne], Actualités Droits-Libertés, објавено на интернет на 16 јуни 2014 година.

Обработка на лични податоци

Поради тоа што живееме во модерни држави во кои администрациите имаат значајна положба, често мора да пополнуваме документи или формулари во кои даваме лични податоци. Тоа не се случува само кога се обраќаме до администрацијата, туку и кога треба да отвориме сметка во банка, кога сакаме да учествуваме во некој онлајн натпревар, кога сакаме да отвориме сметка на Фејсбук или Твитер, итн. Ние секојпат откриваме дел од нашиот идентитет.

Всушност, се работи за **обработувања на лични податоци** кои денес се компјутеризирани. Ризикот со тие документи е тоа што не знаеме како истите ќе бидат употребени и дали ќе бидат раширени без наше знаење прекршувајќи го правото на почитување на приватноста.

За да се избегнат ваквите непријатности, поголемиот дел од државите имаат **закони за обработување на лични податоци кои наметнуваат права и обврски, како на пример:**

- *Цел и пропорционалност:* лицето кое бара лични податоци треба да ја посочи причината поради која ги бара тие податоци и да ги собира само оние информации кои му се неопходни;
- *Безбедност на податоците:* лицата коишто се одговорни за обработка на податоците треба да ги преземат сите неопходни мерки за заштита на податоците и да избегнат нивно откривање;
- *Право на информираност:* личноста која треба да даде лични податоци има право да биде информирана за оној што ги прибира податоците и за целите за кои информациите ќе се користат;
- *Право на пристап и исправка:* секој има право на пристап до собраните информации и право да побара да се изменат неточните или нецелосните информации.

Најчесто, некој независен орган внимава на тоа дали ваквите права се почитуваат. Во Франција, тој орган е Националната комисија за информатика и слободи (CNIL).

ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРИВАТНОСТ НА ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

Со цел да се спроведат теоретските концепти од првиот дел од прирачникот, сметаме дека треба да се вклучат образовни активности за дигиталниот простор што ќе можат да се изведуваат со младите.

За таа цел ние ги идентификувавме постоечките активности и ги прилагодивме на конкретниот контекст за дигиталниот простор и создадовме нови активности за да ги покриеме сите опфатени теми во теоретскиот дел.

Педагошки пристап

Образование за човекови права

Образованието за човековите права општо земено, а посебно образованието за дигиталниот простор може да се сфати како образование за промените. Станува збор за развивање на капацитетите на младите за тие да станат активни граѓани, свесни за последиците од нивните постапки и способни секојдневно да ги унапредуваат човековите права.

Во таа насока, образованието за човековите права има неколку цели:

- развивање на знаења за човековите права;
- зајакнување на способностите кои се потребни за унапредување, заштита и спроведување на тие права;
- поттикнување на заземање ставови и однесувања кои ги почитуваат човекови права на секоја индивидуа.

Со други зборови, образованието за човековите права става акцент на **знаењата, вештините и личните квалитети.**

Во рамките на овој прирачник, овие цели се применуваат за слободата на изразување и приватноста на дигиталниот простор.

Неформално образование за човековите права

Избраниот метод е опишан како неформален затоа што вообичаено се извршува надвор од класичниот образовен процес (училиште)[1] и поради неговите карактеристики:

- акцентот е ставен врз ученикот: треба да се земат предвид неговите потреби, желби, способности и социјалниот контекст во кој се развива;
- тој е партиципативен: за младите, учествувањето значи можност за играње улога во процесот на учење. Наставникот треба да го олесни ваквото учество, да им овозможи на младите да бидат во центарот на образовниот процес;
- се работи за искуствено учење: образованието за човекови права ги повикува младите да ги доживеат човековите права. Не само преку активноста што ги поттикнува да дејствуваат, но исто така и преку споделување на искуства и размислувања кои следат по активноста и кои треба да доведат до промена на однесувањето.

Совети

Прирачникот предлага разни активности што можат да се прилагодат како на школската, така и на воншколската средина.

Секоја активност ги наведува темите, целите, траењето, како и потребниот материјал. Овие елементи треба да овозможат полесно да се избере активност што ќе биде прилагодена на нивото на групата и на времето со кое располагате.

Откако ќе заврши активноста, важно е да се одвои време за извештајот бидејќи без тој дел се губи поимот на искуствено учење.

1/ Сепак, сите предложени активности може да се спроведат во училиштата.

Збирка на активности

Сите активности што се претставени во овој дел се **извадени од образовни помагала за човекови права изработени од Советот на Европа**. За целите на темата, **активностите беа прилагодени без притоа да им се промени називот.**

Активности извадени од „ПЕДАГОШКИОТ ПРИРАЧНИК СИТЕ РАЗЛИЧНИ, СИТЕ ИСТИ“

Извор : Совет на Европа (http://eycb.coe.int/edupack/fr_contents.html)

Секоја фотографија раскажува некоја приказна

Активност што има за цел да го **покаже влијанието на сликите**. Нашите слики вршат влијание врз перцепцијата на другите.

Опфатени теми:

- нашите претходни искуства, очекувања, култура, и така натаму ги искривуваат и влијаат на нашите перцепции.
- Одлуките често се носат врз основа на ограничени информации.

Цели:

- да се истакне фактот дека сликите што ги имаме за другите влијаат врз нашето толкување на нивното однесување;
- да узнае начинот на кој ги пополнуваме празнините во нашите знаења;
- да се разбере влијанието и моќта што нашите слики го имаат врз другите;
- да се подигне свеста за објавувањето на фотографии на интернет и особено за различните толкувања што можат да се направат за нив. Активноста може исто така да има за цел да поттикне на претпазливост кон избрзаните просудувања како и она што го покажуваме за себе на мрежата, односно е-бонтон и е-репутација.

Траење: 30 минути

Материјал: хартии и моливи за секој ученик.

Упатства:

- наставникот бира фотографија од некоја интернет страница (блог, социјална мрежа, онлајн весник...). Тој ја сече фотографијата на два дела за секој дел да раскажува по една приказна, но кога ќе се спојат, двата дела раскажуваат поинаква приказна;

- да се залепи секој дел на различни листови;
- наставникот ја дели првата половина од фотографијата на секој ученик;
- за време од пет минути, секој учесник треба индивидуално и писмено да го опише делот од фотографијата што го има (тема, контекст, дејство...);
- по тие пет минути, секој треба да им ги пренесе на другите своите согледувања за половичната фотографија;
- потоа, наставникот го дели вториот дел од сликата. Учесниците тогаш имаат можност да ги преиспитаат своите впечатоци.

Извештај:

- зошто помисливте на некои работи, а не други (за личноста, местото, нејзиното однесување)?
- Дали учесниците различно ја восприемаа половичната слика?
- Дали го преиспитавте вашето мислење за парчето фотографија откако ја добивте целата фотографија?
- Дали кога објавувате фотографија на интернет размислувате за тоа што ќе перцепираат другите?
- Дали е тешко да се направи брзо просудување (имајќи само дел од фотографијата) или лесно е да се признае грешката при проценувањето?

© Совет на Европа

Пример за фотографија :

Фотографија добитник на наградата „World Press photo“ 2007 година

http://hot-dog-legs.tumblr.com

Драг(а) пријателу(ке)

Опфатени теми: слобода на изразување, почитување на различни мислења.

Цели:

- да се даде поттик за изразување на своите мислења и чувства;
- да се разбере дека секој збор треба да внимателно да се одбира, особено кога стотици, илјадници, дури и милиони корисници на интернет можат да го прочитаат;
- да се промовира соживување и разбирање на различни ставови.

Големина на групата: максимум 10

Материјал: хартија и моливи за секој учесник.

Упатства:

- секој учесник има задача да напише краток напис на блог на некоја конкретна тема што наставникот ја избрал (општествена, актуелна тема...). Тој располага со 15 минути за да го направи тоа. Потоа, авторот го чита својот напис пред групата. Написите ќе бидат закачени на ѕид за учесниците да можат да ги препрочитаат ако сакаат.
- За време од 30 минути, учениците ќе ги опишат своите чувства во поглед на написите што ги одбрале во облик на онлајн коментари. Тие ќе ги закачат коментарите под соодветните написи. Потоа, учесниците ќе можат да одговорат на оставените коментари за да отпочнат разговор за првичниот напис.

Извештај :

- дали беше тешко да се пишува за вашето мислење за дадена тема?
- Дали напишавте сѐ што мислите или се самоограничивте во вашите зборови?

© Совет на Европа

Натпревар „Евровицеви“:

Разработени теми: слобода на изразување, граници на хуморот, говор на омраза

Цели:

- да се имаат на ум реперкусиите од шегите;
- да се подигне свеста за користењето на хумор на интернет. Дали можеме да кажеме сè на блоговите, во твитовите, коментарите, итн...?
- Да се има предвид за брзината на ширење на пораките на интернет.

Материјал:

- Хартија
- Компјутер поврзан на интернет и печатач
- Шапка

Упатства :

- наставникот треба да собере неколку шеги што ќе испечати или напише на парчиња хартија. Може да се работи за вицеви (за вегетаријанци, хендикепирани лица, славни личности, странци, хомосексуалци, Евреи...); хумористични цртежи, објавени шеги на социјалните мрежи...
- Шегите се ставаат во шапка. Еден по еден, секој учесник влече еден виц и го чита, го објаснува или го толкува со мимика. Другите ја оценуваат шегата со оценка до десет на еден лист. Значи, на истото ливче фигурира по една оценка за секој виц.
- Откако ќе се претстават сите вицеви, наставникот им вели на учесниците да кренат рака кога ќе се каже вицот за кој дале најдобра оценка.
- Треба да се напише бројот на добиени гласови за секој виц на табла. Победува вицот што добил најмногу поени од учесниците.

Извештај:

- како ги доживеавте различните вицеви? Дали се смеевте?
- Која шега победи? Зошто?
- Зошто вицот што доби најмалку гласови се најде на тоа место?
- Што е она што прави една шега да биде прифатлива?

- Дали се почувствувавте повредени од некоја шега?
- Дали се почувствувавте непријатно поради некоја шега?

(Да се поврзе со видеата претставени во анексот, особено со видеото во црно-бело)

Совети за модераторот:

Изборот на шеги е важен за да може да се одржи контрола врз активноста. При изборот, пожелно е да се внесе разновидност: да се внимава некои да бидат негативни, но исто и позитивни, сепак внимавајќи да не се изберат шеги што би можеле длабоко да повредат некои членови од групата.

© Совет на Европа

Да се известува за настан

Опфатени теми: слобода на изразување, слобода на печат, обработка на информација, критичко размислување.

Цели:

- да се искуси како е да се известува за некој настан;
- да се укаже дека се можни различни восприемања на еден ист настан, дека новинарството може да биде пристрасно.

Материјал: хартија, молив, селотејп, да се предвидат две простории.

Траење: 90 минути

Големина на групата: 10

Упатства:

- поделете ги учесниците во две групи.
- Првата група е задолжена да состави кратка сцена (скеч) за настан избран од оние кои ги предложил наставникот. Сцената треба да трае пет минути.
- Учесниците од другата група имаат улога на репортери кои работат за информативна интенет страница што има задача да известува за односниот настан. Првата група го игра скечот пред втората.
- На крајот на скечот, репортерите се изолираат во друга просторија и имаат пет минути за поединечно (без да пишуваат, ниту да комуницираат меѓу себе) да подготват излагање за да го раскажат она што го виделе. Од нив се бара ментално да го репродуцираат тоа што го виделе и слушнале за да ја ажурираат интернет страницата уште истата вечер.
- По тие пет минути, репортерите се враќаат еден по еден во просторијата за да ги претстават пред „актерите“ своите индивидуални извештаи за настанот за време од три минути. Откако ќе го заврши извештајот, „новинарот“ останува во заедничката просторија и не коментира при наредните излагања. При секое излагање, наставникот прави писмено резиме за презентирањето и користи различен лист за секоја репортажа.
- Откако ќе се презентираат сите репортажи, наставникот ги прикачува сите извештаи на sид.
- Тогаш, учесниците ги коментираат различните излагања и дискутираат што научиле.

Извештај:

Прашања за репортерите:

- на што најлесно се сетивте и за што ви беше најлесно да известувате? А најтешко?

- Што направивте кога не можевте точно да се сетите на некои работи? Дали ви претставуваше пречка тоа што не можевте да фаќате белешки?

Прашања за актерите:

- дали констатиравте очигледни пропусти во извештаите?

- Дали настаните беа точно пренесени?

- Дали забележавте значителни разлики помеѓу различните извештаи?

Прашања за групата:

- Што очекувате од информациите? Дали само обичен извештај за настаните или исто така и коментари и мислења?

- Дали вие би се потпреле на повеќе извори за еден ист настан?

- Дали сметате дека објавените информации на интернет се веродостојни?

- Дали мислите дека обработувањето на една информација може да биде под некакво влијание? Од кого? Од што?

© Совет на Европа

Први впечатоци

Опфатени теми: обработување на информација, право врз слика, е-бонтон

Цели:

- да се споредат разликите меѓу првите впечатоци на различни лица;
- да се разбере влијанието од објавување слики во поглед на правото на почитување на приватноста;
- да се разбере дека првите впечатоци влијаат врз нашето однесување кон останатите;
- да се подигне свеста за коментарите што се оставаат на интернет.

Големина на групата: 4 до 12 учесници

Траење: 30 минути

Материјал:

- фотографии избрани од интернет (забавни фотографии, групни фотографии, впечатливи фотографии, фотографии од вечерни настани, карикатури...). Секоја фотографија се сече и се лепи на горниот дел од еден лист. Треба да има барем онолку фотографии колку што има учесници;
- да се обезбеди по еден молив за секој учесник.

Упатства:

- учесниците седнуваат во круг. Секој треба да добие по едно ливче со фотографија.
- Секој треба да ги напише своите први впечатоци од фотографијата што ја има во долниот дел од листот. Тие можат да замислат дека нивниот натпис претставува коментар оставен под фотографија објавена на интернет.
- Откако ќе се направи писмениот опис, треба да се превитка ливчето така што реченицата ќе се прикрие, а потоа ливчето да се подаде на соседниот учесник.
- Учесниците ја повторуваат вежбата за секоја нова фотографија што ќе ја погледнат и ги пишуваат своите први впечатоци во долниот дел од страницата без да ги гледаат реченициите од претходниот учесник. Постапката се повторува сè додека сите слики не поминат кај секој учесник.
- На крајот на кругот, треба да се одвиткаат листовите и да се остават учесниците да ги споредуваат своите први впечатоци.

Извештај:

- дали разните впечатоци на членовите на групата беа слични или различни? Во што?
- Врз каква основа ги создадовте вашите први впечатоци?
- Дали се осмеливте да го напишете она што навистина го мислите знаејќи дека тоа ќе го прочитаат повеќе лица?
- Кои се последиците од избрзано или погрешно проценување?
- Дали сте внимателни со фотографиите од вас и од другите што ги објавувате?

Совети за модераторот:

- не оставајте ги учесниците долго да размислуваат, треба да се соберат првите впечатоци.
- Одбегнувајте да избирате славни личности.
- Изберете голем примерок на фотографии според возраста, контекстот, вештините, етничка група, попреченост...
- Не оставајте ги учесниците да се критикуваат поради нивните ставови и коментарите што ги даваат за фотографиите. Целта е пред сè да се насочи дискусијата кон впечатоците што ги предизвикуваат фотографиите.

Варијанта:

Доколку групата е пообемна, може да се пренесат избраните фотографии на дијапозитив, да се означат со бројки и да се прикажат пред групата. Секој учесник ќе ги напише своите впечатоци пред бројката што соодветствува на фотографијата. Откако ќе се прокоментираат сите слики, наставникот ги собира листовите и ги чита впечатоците за секоја слика пред групата.

© Совет на Европа

Што гледате?

Опфатени теми: слобода на печатот, обработка на информации и регулирање на медиуми.

Цели:

- да се истражи начинот на кој весниците ги користат фотографиите;
- да се развие критичко размислување.

Големина на групата: 6 и повеќе

Траење: 45 минути

Материјал:

- да се изберат шест фотографии извадени од написи од онлајн весници. Да се испечати секоја од нив на голем лист.
- Да се исечат ленти од хартија.
- Пенкала, лепак, селотејп или шпенадла.

Упатства:

- закачете ги фотографиите на ѕид.
- Дајте му на секој учесник ленти од хартија и кажете им да напишат на нив позитивен и негативен наслов за секоја фотографија со цел да се објават на интернет.
- Кога сите ќе завршат, залепете ги насловите под секоја фотографија.
- Споредете ги насловите.

Извештај:

- Колку различни толкувања имаше за секоја слика?
- Во што прво погледнувате кога читате весници, во фотографиите или во придружниот текст?
- До кој степен фотографиите ја прикажуваат стварноста?
- Како уредниците ги користат фотографиите за да ги пренесат информациите и да поттикнат емоции или да охрабрат соживување?

Совети за модераторот:

Обидете се да изберете фотографии што би можеле да создадат дебата на интернет или што можат да се протолкуваат на разни начини.

© Совет на Европа

Кој е вашиот став?

Опфатени теми: расизам, дискриминација, нетолеранција и ксенофобија. Говор на омраза и слобода на критикување на интернет.

Цели:

- да се стави акцент врз разликите во мислењата;
- да се зголеми свеста на учесниците во поглед на нивната улога како членови на општеството;
- да се поттикне дискусија и споделување на идеи и мислења;
- да се признае дека постојат различни мислења и различни начини на размислување;
- да се развие свест дека многу често непопустливо ги браниме многу бргу донесените одлуки одбивајќи да го прифатиме ставот на другите.

Големина на групата: меѓу 10 и 40

Траење: 1 час

Материјал:

- флипчарт и маркери или проектор (на кој ќе ги забележувате или пренесувате изјавите).
- Список на изјави.

Упатства:

- да им се објасни на учесниците дека двата спротивни ѕида од просторијата ги претставуваат симболите „ми се допаѓа“, односно „пријавувам како спам“.
- Да се објасни дека ќе се чита список со изјави извадени од различни интернет страници. За секоја изјава, учесниците треба да отидат до ѕидот што соодветствува на нивното мислење. Доколку учесникот не се согласува со изјавата, тој оди до ѕидот „пријавувам како спам“, а доколку пак се сложува со изјавата, оди до ѕидот што го претставува знакот „ми се допаѓа“. Тие можат да останат во средина, меѓу двата ѕида, доколку немаат став или не сакаат да се изјаснат.
- Прочитајте ја првата изјава.
- Откако сите учесници ќе заземат став (ми се допаѓа, пријавувам како спам или без став), прашајте ги сите по ред зошто го избрале ѕидот „ми се допаѓа“,

односно „пријавувам како спам“. Учесниците кои одлучиле да останат без став нема да имаат прилика да се изјаснат.

- Целта е оние кои застануваат пред спротивните ѕидови да ја убедат групата да го промени мислењето и да се им се приклучат ним. За таа го постигнат тоа, им се дава време од 5 до 8 минути.
- Откако ќе истече времето и откако секој се изјаснил, повикајте ги оние што сакаат, да го променат ставот.
- Потоа, прочитајте ја втората изјава и повторете ги различните етапи.

Пример за изјави што се однесуваат на расизмот, нетолеранцијата и ксенофобијата предложени во прирачникот:

„Муслиманите не можат вистински да се интегрираат во европските општества“

„Национализмот е синоним за војна“

„Хомосексуалците се одговорни за сидата“

„Мажите се поголеми расисти од жените“

„Имигрантите ги земаат нашите домови и работни места“

Список на изјави на тема слобода на изразување и почитување на приватноста на интернет:

„Користењето на социјалните мрежи е бесплатно“

„Интернетот е двигател на демократијата“

„Можно е да се заштитат сопствените податоци на интернет“

„Социјалните мрежи претставуваат средство што помага да се унапреди говорот на омраза“

Извештај:

- Што почувствувавте за време на вежбата?
- Дали беше тешко да направите избор? Зошто?
- Дали беше тешко да останете на средина и да не можете да го изнесете својот став?
- Какви видови на аргументи беа користени? Аргументи базирани на факти или аргументи кои попрво се потпираа на емоции? Кои беа поефикасни?

- Дали може да се споредува она што учесниците го кажаа и направија за време на вежбата и реалноста?
- Дали изјавите беа точни?
- Дали вежбата беше корисна?

Совети за модераторот:

Во текот на активноста може да се прошират опфатените теми. Впрочем, би било интересно да се читаат изјави што може да се најдат на интернет во вид на „твит“, коментар или “објава на Фејсбук“.

Покрај тоа, внимавајте учесниците да не ги осудуваат нивните засебни ставови.

© Совет на Европа

Активности извадени од прирачникот „Патоказ: образовен прирачник за за човекови права “ (изданија 2002 и 2012 година)

Извор : Совет на Европа (http://eycb.coe.int/compass/fr/contents.html)

На првата страница

Опфатени теми: слобода на изразување, медиуми.

Цели: да се симулира работата на новинарите што подготвуваат насловна страница на еден весник.

Големина на групата: 10-24

Траење: 180 минути

Материјал:

- една голема просторија;
- 40 фотографии извадени од сајтови на онлајн весници;
- хартија, пенкала и маркери;
- големи листови хартија А3 или флипчарт;
- ножици и лепак за секоја група.

Упатства:

- да се изберат 40 до 45 фотографии од онлајн весници (ќе треба по еден примерок од изборот на фотографии за секоја група). Да се рашири еден примерок од низата слики на маса;
- да им се објасни на учесниците дека ќе се стават на местото на онлајн новинари. Идејата е да се симулира една вечер во редакцијата со задача да се подготви насловната страница на весникот што треба да излезе наредниот ден;
- да се поделат учесниците во групи од по осум лица. Секоја група на „уредници“ работи за различен онлајн весник;
- најпрво, секоја група треба да избере име за својот онлајн весник;
- пред сите учесници накратко објаснете ги карактеристиките и претставувањето на онлајн весник и насловна страница;
- побарајте од учесниците да набљудуваат и привремено да не коментираат, а фотографиите да бидат раширени на масата;

- потоа, кажете им на тимовите на уредници да започнат со работа, а секоја група нека биде одделена од другите. Дајте им само материјал (хартија, молив, лепак, ножици), но сè уште не давајте им ги фотографиите;
- прочитајте им ги упатствата. Групите имаат еден час за да изберат четири или пет приказни, да ги претстават, да ги напишат насловите, да ги изберат фотографиите и да замислат како ќе биде уредена страницата. Објаснете им дека написите треба да бидат кратки: доволни се само насловите и придружните текстови;
- групите треба да се сосредоточат на влијанието на насловната страница и да не ги раскажуваат целосно приказните. Предложете им да почнат со дебатирање околу темите или идеите што сакаат да ги вклучат во репортажите. Кажете им дека ќе ги добијат сликите од „лабораторијата“ за десетина минути;
- откако ќе поминат тие десетина минути во дискусија околу темите, поделете им ги фотографиите на групите за тие да можат да одредат слики за своите теми;
- откако тимовите на уредници ќе ја завршат насловната страница на нивниот сајт, тие треба да ја претстават пред сите учесници;
- потоа, преминете на извештајот и на оценувањето.

Извештај:

- започнете со разгледување на самата активност и потоа преминете на дебатирање за медиумите, критичкото размислување, слободата на изразување и општо за човековите права.
- Како групите ја организираа работата? Како ги одбраа темите за кои ќе известуваат? Дали сите можеа да учествуваат и да дадат свој придонес?
- Како беа избрани идеите? Дали учесниците започнаа со идејата или со фотографијата (фотографии што ги гледаа на почетокот)? Со други зборови, дали тие прво ја установија идејата и потоа ја најдоа фотографијата за да ја илустрираат или пак се инспирираа од една фотографија за потоа да разработат приказна поврзана со неа?
- Кои теми или идеи беа претставени? Дали некои од нив се однесуваа на човековите права? Дали некои од учесниците сакаа да работат на теми кои беа напуштени?
- Како може да се споредат различните насловни страници на весниците? Дали беа користени истите теми или фотографии?
- Дали различни групи користеа иста слика, но на различен начин?
- Како се информираат учесниците? Благодарение на весници, телевизија, радио, интернет? Зошто ги следат или не ги следат новостите?

- Дали во оваа симулација тие се обидоа да имитираат вистинска насловна страница? Или пак сакаа да постапат поинаку? Кои се разликите?
- Кои се новостите кои доминираат во медиумите во стварноста?
- Општо земено, дали вестите зборуваат правилно за човековите права?
- Еден од најважните аспекти во поглед на медиумите е нивната „објективност“. Дали учесниците сметаат дека е можно информациите да се претстават на објективен начин?
- Кои теми од човековите права тие ги вклучија во својата насловна страница?
- Каква слика имаат учесниците за младите кои живеат во другите делови од светот?
- Дали некои важни важни теми беа изоставени од низата слики?

Совети за модераторот:

За оваа активност, изберете разни фотографии и избегнете ги стереотипите. Интересно би било да се вклучат фотографии поврзани со темите на прирачникот, но да не се остане само во таа област.

Новостите ретко се позитивни, тие главно пренесуваат информации за војни, убиства, други катастрофи... Според тоа, добро би било да се изберат фотографии кои пренесуваат „добри“ и „лоши“ вести.

Примери за фотографии:

- Водителка на телевизиски вести
- Кока-кола
- Марк Цукерберг
- Ајфон
- Млад Африканец
- Графити
- Жена на плажа
- Миење на автомобил
- Камп за бегалци

Инсистирајте на важноста на пишувањето на насловите и придружниот текст и на начинот на кој тие го привлекуваат читателот. Дискутирајте како да се користат фотографиите за да се поткрепи приказната или да се привлече вниманието на читателот (кадар, поднаслови...).

© Совет на Европа

„Делови од слики“

Опфатени теми: предрасуди, критичко размислување, е-бонтон

Цели:

- да се развие свест за тоа како нашите проценки можат да бидат избрзани и погрешни;
- да се разгледа начинот на кој се користат сликите;
- да се узнае влијанието и моќта на нашите слики врз останатите;
- да се подигне свеста за објавувањето фотографии на интернет, особено за различните толкувања што можат да се прават за нив.

Траење: 15 минути

Големина на групата: нерелеватно

Материјал:

- коверти;
- избор на фотографии кои раскажуваат едноставна приказна. Исечете ги на два дела така што деловите ќе ја наведат личноста да ја протолкува ситуацијата на многу поинаков начин од вистинската ситуација на целата слика;
- секоја фотографија треба да биде подготвена така што сите групи да имаат по една.

Упатства:

- за секоја група, ставете ги двата дела од фотографијата во два различни коверта.
- Кажете им на учесниците да се групираат по двајца.
- Дадете ѝ на секоја двојка два коверта во кои има по еден дел од фотографијата кои споени формираат една цела фотографија.
- Кажете им на двајцата учесници да ги отворат нивните засебни коверти и дајте им време да ги прокоментираат (тема, место, што се случува...).
- Потоа, првиот партнер му го дава својот дел од фотографијата на својот партнер. Кога вториот партнер ќе ја има целата слика, треба да ја прокоментира.

Извештај:

- со какви изненадувања се соочија?
- Дали имаме тенденција да го прифаќаме она што го гледаме заборавајќи дека фотографијата не ја открива „целата приказна“?
- Дали доволно одблиску ги гледаме сликите?
- Дали помислувате на последиците што објавувањето на фотографија на интернет може да ги има врз впечатокот што го оддавате вие или личностите што се на фотографијата?

Совети за модераторот:

изберете фотографии поврзани со темите од прирачникот. Оваа активност служи за подигање на свеста за објавување на фотографии на интернет и за е-бонтон. Исто така може одново да ја започете вежбата и да им кажете на учесниците да ги разменат нивните коверти. Дали вториот круг им се чини полесен? Или пак сосем спротивно им се чини потежок? Зошто?

© Совет на Европа

„Придружен текст на фотографиите“

Опфатени теми: право врз слика, предрасуди.

Цели:

- да се разгледа за поимот е-репутација;
- да се развие свест за последиците од она што го пишуваме и објавуваме на интернет.

Траење: нерелеватно.

Големина на групата: нерелевантно.

Материјал:

- избрани фотографии од интернет;
- хартија, пенкала;
- пар ножици и леплива лента;
- големи листови хартија (А3) или флипчарт (да има онолку листови колку што има фотографии).

Упатства:

- раширете ги фотографиите на маса и кажете им на учесниците индивидуално или по двајца да состават придружен текст за секоја фотографија. Тие треба уредно да пишуваат со цел придружниот текст да биде лесно читлив.
- Откако сите ќе завршат, земете ги фотографиите една по една и кажете му некој волонтер да ја прочита својот текст.
- Залепете ја сликата во средина на еден лист и кажете им на учесниците да ги залепат своите текстови наоколу за да направат „постер“.
- Закачете ги постерите на ѕид.
- Направете кратка анализа на фотографиите и на придружните текстови.

Извештај:

- дали беше тешко да се напише придружниот текст?
- Што го прави придружниот текст добар?
- Ако една слика вреди илјада зборови, зошто тогаш има потреба од придружен текст? Дали е потребно да се пишува придружен текст?
- Дали вие пишувате придружен текст кога објавувате фотографија на интернет?

Совет за модераторот:

Користете хартија и пенкала во боја за придружните текстови, така постерите ќе бидат уште попривлечни. Овој метод кој овозможува да се понудат повеќе придружни текстови за една иста фотографија генерално е забавен и провоцирачки, тој ги моблизира учесниците и ги подготвува за дискусија. Придружните текстови се идеална појдовна точка за да се покаже дека секој го гледа светот на свој начин и дека треба да се почитува секоја визија. Придружните текстови покажуваат различни чувства кон една фотографија, и така го илустираат и прашањето за е-бонтонот, поради различните перцепции што можат да ги имаат корисниците на интернет и поради нашите објави.

© Совет на Европа

„Вежба со облачиња“

Опфатени теми: почитување на личноста, е-репутација, стереотипи.

Цели:

- да се подигне свеста за објавувањето на интернет;
- да се зборува за границите на критикувањето и хуморот, да се подигне свеста за постоењето на стереотипи.

Траење: 20 минути

Големина на групата: нерелевантно

Материјал:

- фотографии, да има по една за секој пар (два пара на учесници или повеќе може да имаат иста фотографија);
- хартија и пенкала, игра по пар;
- лепак.

Упатства:

- одберете фотографии какви што можеме да најдеме на блогови, социјални мрежи...
- Кажете им на учесниците да се групираат по двајца. Поделете ги фотографиите, листовите и пенкалата.
- Побарајте од нив да ги анализираат аспектите „кој, што, каде и како“ на нивната фотографија и објаснете им дека фотографиите се извадени од блогови и социјални мрежи и дека ќе бидат објавени на сајт од типот на ©tumblr (блог што сака да крене прашина).
- Побарајте од нив да ја залепат својата фотографија на листот и да ги напишат облачињата за дијалогот на ликовите.

Извештај:

- Дали беше тешко да се анализираат фотографиите и да се пишува? Дали сè кажавте? Дали си поставивте граници во поглед на хумористичните или критичките пораки?
- Во кој поглед можат да се споредуваат анализите на фотографијата на паровите кои имаа иста фотографија?

- Какви стереотипи пронаоѓаат учесниците во фотографиите и облачињата? Дали дадовте проценки за ликовите/работите претставени на фотографијата?

Совети за модераторот:

Не мора да се ограничувате на фотографии на лица, можете да вклучите неколку фотографии од животни. Тоа може да биде исклучително интересно доколку сакате да го третирате прашањето на стереотипите. Можете да отворите дебата зборувајќи за карикатурите преку кои се прикажани животните во цртаните филмови, потоа да ја поттикнете групата да бара примери на стереотипи во нивните фотографии и облачиња.

© Совет на Европа

„Влијанието на интернетот“

Секоја нова технологија е носител на потенцијална политичка или социјална предрасуда.

Опфатени теми: медиуми, дигитален јаз, општо за човековите права

Цели:

- да се подигне свеста на учесниците за импликациите од интернетот и од пристапот до информации низ светот;
- да се развие способност за имагинација и критичко размислување;
- да се осознае потенцијалот на интернетот како алатка за унапредување на човековите права.

Траење: 180 минути

Големина на групата: 10-50 лица

Материјал:

- копија на документите (сценарија) што ќе ги најдете под категоријата „role cards“ на овој линк: http://eycb.coe.int/compass/fr/chapter_2/2_39.asp (сајт на Советот на Европа, последна посета 23/9/2013);
- големи листови хартија и маркери за секоја група;
- работен простор доволно голем за работење во полн состав и во мали групи.

Упатства:

- направете копии од документот бр. 1, „шест можности за да се претскаже влијанието од интернетот“ за да има по еден примерок за секој пар на учесници.
- Направете копии од документите бр. 2, 3, 4, 5 и 6 за да има примерок за секој од членовите на петте групи.

Оваа активност е составена од три дела: прв дел: вовед (10 минути); втор дел: предвидување на влијанието на интернетот (60 минути) и трет дел: како да се користи интернетот за унапредување на човековите права (90 минути).

Прв дел. Вовед (10 минути)

1. Претставете ја активноста објаснувајќи дека сите учесници треба да употребат имагинација и критичко размислување. Нивната задача ќе се состои во оценување на влијанието на интернетот и новите информатички технологии врз нашите животи и врз работењето во полза на човековите права.

2. За брзо загревање и за воспоставување на заедничка основа, дадете им на учесниците неколку информации за интернетот. Потоа, побарајте од нив да дискутираат, двајца по двајца, во период од десетина минути, за нивните искуства поврзани со интернетот и за предностите и слабостите од користењето на интернет.

Втор дел. Предвидување на влијанието на интернетот (60 минути)

1. Поделете примероци од документот бр. 1, „Шест можности за да се предвиди влијанието на интернетот“. Објаснете дека сценаријата намерно се претерани за да се поларизираат одлуките.

2. Побарајте секој пар на учесници да одлучи кое сценарио е најверојатно, а кое е најмалку веројатно. Дајте им 15 минути.

3. Побарајте од учесниците да се обединат во полн состав и да ги кажат своите реакции во поглед на одлуките. Обидете се да ги резимирате дебатите за:

- о најверојатното (најверојатните) сценарио (сценарија);
- о релевантноста на човековите права за информатичките технологии, на пример, правото на слобода на изразување;
- о дигиталниот јаз.

4. Побарајте од еден или двајца учесници да ги забележат најважните точки на флипчартот.

Трет дел. Како да се користи интернетот за унапредување на човековите права? (90 минути)

1. Поделете ги учесниците во 5 групи, од А до Д. Поделете ги документите. Секој член од групата А треба да поседува по еден примерок од документот за група А,„Сценарија за иднината: песимистично гледиште“; оние од група Б по еден примерок од документот за група Б, „Сценарија за иднината: оптимистично гледиште“, итн.

2. Оставете им 20 минути за да ги прочитаат документите и да дадат општи коментари.

3. Кажете им да ги разгледаат информациите од листовите во поглед на резултатите

од дебатите од првиот дел за влијанието на интернетот. Тие треба да посветат големо внимание во оваа фаза што им дава релевантни информации за понатаму.

4. Поделете ги учесниците во нови групи. Секоја нова група треба да биде составена од 5 лица, едно лице да доаѓа од групата А, едно од групата Б, едно од групата В, итн.

5. Секоја од новите групи има задача да одлучи кои се најважните три позитивни страни или предности од интернетот за унапредување на човековите права.

6. Предложете им да започнат со претставување започнувајќи со членовите на групите В, Г и Д (кои располагаат со информации за работата на НВО) и завршувајќи со членовите на групите А и Б. Потоа, учесниците ќе можат да ги препознаат предностите на интернетот за унапредување на човековите права.

7. Тие исто така треба да назначат еден известувач задолжен да ги претставува резултатите на флипчарт за време на завршната пленарна сесија. Оставете им 35 минути за оваа фаза.

8. Потсетете ги учесниците кога се во полн состав за споделувањето на резултатите од нивната работа.

Извештај:

Започнете со анализирање на активноста и учеството на учесниците. Потоа, анализирајте што научиле учесниците.

• Што знаат учесниците за интернетот? Дали тие користат интернет? За што го користат?

• Дали постои дигитален јаз меѓу учесниците? Какво влијание имаше јазот врз учествувањето на учесниците во активноста? Дали некои се почувствуваа исклучени затоа што сметаа дека не се доволно способни за да дадат свој придонес?

• Дали другите учесници го доживеаја тој недостаток на искуство како кочница на работењето на групата?

• Кои се предностите од работење во група составена од лица кои имаат многу различни искуства и ставови по едно прашање?

• Кои беа најинтересните сознанија за учесниците во поглед на работењето на НВО за човекови права? Дали беа изненадени?

• Дали општите предности од користењето на интернетот за унапредување на човековите права се поголеми од недостатоците?

Што треба да се направи за да се справиме со недостатоците?

Совети за модераторот:

Проценете ги знаењата на учесниците за интернетот пред да ја започнете активноста со цел да се одреди нивото на групата и општиот пристап.

За време на извештајот, интересно е да се сосредоточите на светските и исто така локалните прашања поврзани со пристапот до новите информатички технологии за да проверите дека може да се слушне гласот и на лицата кои немаат пристап до интернет или имаат тешкотии за пристап. Целта на прашањата поврзани со дигиталниот јаз во рамките на групата и на работата со лицата кои имаат многу различни искуства е да се поттикнат учесниците да размислуваат за различни аспекти во врска со носењето на одлуки.

© Совет на Европа

Борци за човекови права

Опфатени теми: општо за човековите права

Цели:

- да им се претстават борците за човекови права на учесниците;
- да се осознае дека интернетот може да биде алатка за унапредување и борба за човековите права.

Траење: 60 минути

Големина на групата: нерелевантно

Материјал:

- низа картички за секоја група (да се види делот „документи“ http://eycb.coe.int/compass/fr/chapter_2/2_17.asp (посетено на 24/9/2013), како и картичките во прилог;
- пар ножици;
- коверти;
- факултативно: лепак и тврда хартија за да се зацврстат картичките

Упатства:

- направете копии од картичките за секоја група да има една низа картички.
- Исечете ја секоја низа картички, измешајте ги картичките од низата и ставете ги во коверти. Внимавајте да не ги измешате низите!
- Побарајте од учесниците да се соберат во мали групи (три или четири учесници во група) и дадете ѝ на секоја група една низа картички.
- Побарајте од нив да ги постелат картичките обратно.
- Објаснете им дека картичките раскажуваат настани од животот на активистите за каузата на човековите права. Секоја група има задача да ги поврзе личностите со соодветните настани и така да се состави краток опис на секоја личност.
- Објаснете дека треба да се собере низа од пет картички по личност (една картичка „А“, една картичка „Б“, една картичка „В“, една картичка „Г“ и една картичка „Д“).
- Повикајте ја секоја група да извлече една картичка истовремено сè додека нема повеќе.
- Дајте им неколку минути на учесниците за да можат да ги прочитаат картичките во тишина.

- Дајте им сигнал за почеток. Секоја група треба да ја одбере стратегијата што ќе ја користи за да го состави профилот на личностите. Оваа фаза ќе им одземе 15-20 минути.
- Здружете ги учесниците и побарајте еден претставник од секоја група да претстави една од личностите со свои зборови. Повторете ја вежбата со секоја група притоа внимавајќи портретите на личностите да бидат „целосни“ и секоја група да може да провери дека ги собрала добрите „делчиња“ од сложувалката.

Извештај:

- дали вежбата беше лесна? Какви стратегии користеа различните групи за да ги подредат низите картички?
- За кои личности учесниците веќе имаа слушнато? Зошто одредени личности се попознати?
- Дали учесниците беа изненадени од некои информации? Што најмногу ги импресионираше?
- Побарајте од учесниците да го изберат цитатот со кој најмногу се поврзуваат. Како тие би се однесувале кога би се нашле во истата ситуација како односната личност?
- Кои дејства учесниците можат да ги преземат?

Анекс:

Примери за „борците“ за слобода на изразување и право на информираност

МАЛАЛА ЈУСАФЗАИ:

А. Цитат: *„Оставете нè да се опремиме со нашите книги и моливи. Тие се нашите најмоќни оружја. Едно дете, еден професор, една книга и еден молив можат да го променат светот. Образованието е единственото решение. Образованието пред сè.“* Малала Јусафзаи

В. Роден/а на 12 јули 1997 година во Мингора, село во Пакистан, тој/таа растеше во регион под талибанска контрола. Тој/таа направи блог на кој тој/таа го раскажуваше секојдневието на едно дете во Пакистан.

С. Тој/таа се бори за правото на образование за сите пред меѓународните институтции, особено ООН. Волјата за залагање се потврди откако беше

D. сериозно повреден(а) поради обид за убиство од еден Талибанец. Тој/таа оттогаш претставува симбол за младите и ја доби наградата Сахаров 2013 за слобода на мислење.

Е.

©www.theguardian.com Photograph: Stan Honda/AFP/Getty Images

ВИКИЛИКС :

A. „Justice is in your hands now". „Information wants to be free". Викиликс

B. Оваа интернет страница беше создадена во 2006 година и се смета како непрофитабилно здружение. Тоа е составено со корисници на интернет што сакаат да откриваат тајни активности што се однесуваат на дејствувања на некои влади. Тие се опишуваат како истражувачки новинари и бранители на човековите права. Овој сајт

C. се интересира за чувствителни теми како војната во Ирак, ситуацијата во Авганистан, Кина, корумпираните банки... Тие интернет корисници ја употребуваат својата слобода на изразување за да откријат доверливи информации. Тие сакаат вистината да продре како и да ги унапредуваат

D. човековите права, да овозможат да се подигне свеста за несомнителниот потенцијал на интернетот. Меѓутоа, нивните дејства предизвикуваат полемика затоа што се спротивни на законот, го прекршуваат правото на сопственост на лицата и владите засегнати од нивните откривања. Во август 2013 година, еден од интернет корисниците, Бредли Манинг, беше

E. осуден од американскиот судски систем на 35 години затвор за шпионажа и пренесување на сајтот Викиликс доверливи информации што ѝ припаѓале на владата на Соединетите Американски Држави. Основачот на сајтот, Џулијан Асанж исто така беше судски гонет.

© Совет на Европа

My life is not a show

Постојат злоупотреби при користењето на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ), а вознемирувањето е само еден пример од нив.

Опфатени теми: медиуми, насилство, образование

Цели:

- да се поттикне подигнување на свеста за постоењето на злоупотреби при користењето на мобилни телефони и интернет. Да се подигне свеста за потенцијалната опасност од ИКТ (вознемирување, самоубиство, педофилија...);
- да се спознаат границите на вознемирувањето;
- да се развијат способности со цел да се размислува за решенија за борба против „сајбер-криминалот“;
- да се зајакне солидарноста.

Големина на групата: 4-30

Траење: 90 минути

Материјал:

- моливи и флип-чарт;
- список на искази;
- селотејп или јаженце за да се направи демаркација на подот со цел да се подели просторијата на два дела.

Упатства:

- започнете така што ќе ги поттикнете учесниците да размислуваат што значи „bullying“ (вознемирување) и „cyber bullying“ (сајбер-вознемирување). Дадете им неколку минути за да размислуваат и да се запрашаат што е тоа и како тие појави се манифестираат. Соберете ги нивните впечатоци на флипчартот. Првин, дискутирајте за вознемирувањето, потоа земете нов лист и дискутирајте за сајбер-вознемирувањето.
- Исто така побарајте од учесниците да размислат за тоа како ги користат информатичко-комуникациските технологии (ИКТ).
- Направете една линија на подот со селотејпот или со јаженцето што ќе ја наречете „линијата да“. Побарајте од учесниците да се поделат во две групи, секоја да биде поставена на едната страна од „линијата да“.

- Објаснете им дека ќе им читате искази за вознемирувањето и сајбер-вознемирувањето; дека сакате тие да одговараат без да користат зборови. Доколку сакаат да одговорат со „да“ на исказот треба да се приближат до „линијата да“. Учесниците треба чесно да одговараат и да не се судат меѓусебно.
- Прочитајте им го првиот исказ. Оставете им малку време за размислување, но никој не треба да зборува, а потоа кажете им да се постават. Кажете им да погледнат околу себе за да имаат увид во одговорите на сите учесници и колку има околу „линијата да“.
- Кажете им да се вратат на појдовната точка и преминете на следниот исказ.
- На крајот, соберете ја групата во круг и преминете на извештајот.

Извештај:

- започнете со коментирање на исказите и искуствата на учесниците. Дискутирајте за разните видови на вознемирување и како да се победи таа појава.
- Што знаевте за сајбер-вознемирувањето пред да ја направите оваа активност?
- Дали сите искази беа доволно сериозни за да бидат оценети како вознемирување? Зошто? Зошто не?
- Дали постојат други начини на сајбер-вознемирување кои не беа споменати во исказите?
- Дали сајбер-вознемирувањето е честа појава во вашата околина и земја?
- Кои човекови права се повредуваат со „cyber bullying“?
- Зошто луѓето ги вознемируваат другите? Зошто одредени личности се предмет на вакви лоши постапувања?
- Зошто некои лица кои биле жртви на вознемирување почнуваат од своја страна да вознемируваатдруги?
- Што може да се воспостави за да се искорени сајбер-вознемирувањето?
- Што може да направите за да се заштитите од онлајн вознемирување?
- Член 19 од Универзалната декларација за човекови права утврдува: „Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван поради своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи со било кои средства и без оглед на границите.“
- Дали треба да има ограничувања на слободата на изразување? Ако да, какви можат да бидат последиците од тоа и кој треба да одлучи за таквите ограничувања?
- Ако сметате дека слободата на изразување треба да биде бесконечна и без ограничувања, кои би биле последиците од тоа?

Примери на искази:

- ◊ Дали некој досега ја отворил вашата електронска пошта без ваша дозвола?
- ◊ Дали некој досега ги прочитал вашите СМС пораки без ваша дозвола?
- ◊ Дали досега сте добиле на вашиот телефон или преку интернет порака со навреди или непристојни фотографии и видеа?
- ◊ Дали некој веќе му пренел на некој друг информации, фотографии или видеа од вас без ваша согласност?
- ◊ Дали некој досега објавил на некоја интернет страница или социјална мрежа информации, видеа или фотографии што ве засегаат без ваша дозвола?
- ◊ Дали некој досега ги ретуширал/уредувал/обработил фотографии од вас без ваша дозвола?
- ◊ Дали досега сте му ја кажале некому вашата лозинка?
- ◊ Дали некој досега ве навредил на некоја онлајн игра или онлајн разговор?
- ◊ Дали досега сте добиле навредливи или непристојни телефонски повици?
- ◊ Дали некој досега напишал недолични коментари на вашиот блог/профил на социјална мрежа?
- ◊ Дали некој досега испратил лажни/недолични информации или гласини за вас преку СМС порака или електронска пошта?
- ◊ Дали познавате некој што е жртва на „cyber bullying“?
- ◊ Знаете ли дали постои конкретно законодавство за ваков вид на насилство?
- ◊ Сметате ли дека треба да има ограничувања за тоа што можат интернет корисниците да објавуваат на интернет?
- ◊ Дали е легитимно да се забранат мобилните телефони во училиштата?

Совети за модераторот:

Вознемирувањето и сајбер-вознемирувањето се чувствителни теми и вие треба да се подготвите за чувствителноста на некои учесници. Впрочем, некои можеби доживеале лоши искуства во тој поглед. Лицата жртви на вознемирување може да се почувствуваат виновни и засрамени, да не се сметаат за жртви и оние кои вознемируваат не сфаќаат секогаш целосно зошто постапуваат на таков начин. Според тоа, подгответе се за вакви реакции и размислете за можноста да вклучите во активноста некое лице што има искуство на таа тема.

Примери за одговори за ситуации на вознемирување:

- ◊ да не се одговара на заканувачки пораки
- ◊ да се стават електронските адреси на црна листа
- ◊ да се промени електронската адреса
- ◊ да го промените вашиот давател на пристап на интернет
- ◊ да го промените бројот на мобилниот телефон
- ◊ да се зачуваат пораките како доказ
- ◊ Споделете ги вашите проблеми со личност на која ѝ верувате. Ако сте дете, треба да се вклучи возрасно лице.
- ◊ Во одредени околности може да се соочите со вршителот на вознемирување. Средбата треба да се направи со посредник и целта ќе биде да му се помогне на вршителот на вознемирувањето да ги разбере последиците од своите дејства.
- ◊ Во некои случаи се препорачува да се информира локалната полиција или да се консултира адвокат.
- ◊ Да се повтори дека не треба да се вознемирува вршителот на вознемирување како начин за одмаздување зашто за таквото однесување може да се изречат казни.

Примери за соодветно однесување за заштита од вознемирување:

- ◊ да се ограничи времето поминато на интернет
- ◊ да не се отвораат електронските пораки од непознати испраќачи
- ◊ редовно да се менува лозинката
- ◊ да не ги давате сите ваши лични податоци
- ◊ Најважно за учесниците е да разберат дека е битно да комуницираат и да ги споделуваат проблемите кога ќе се јави потреба.
- ◊ Впрочем, информирајте се за вознемирувањето и сајбер-вознемирувањето. Меѓу другото, се препорачува да се познава постоечкото законодавство за таа област.
- ◊ Активноста може да се поврзе со говорот на омраза, клеветата, навредата и слободата на критикување.
- ◊ Дефиниција за „cyber-bullying“/ сајбер-вознемирување: „Користење на електронска пошта, инстант пораки, виртуелен простор за разговор, мобилни телефони или друга форма на нови технологии за свесно вознемирување, упатување на закани или заплашување на некое лице“.

За продлабочување на знаењата:

http://www.stopcyberbullying.org

http://yp.direct.gov.uk/cyberbullying/

http://europa.eu/legislation_summaries

Варијатни:

По активноста, може да се направи втор дел врз основа на истите искази. Сепак, овојпат, учесниците ќе се стават во улога на вршителот на вознемирувањето. На крајот на исказот, учесниците нема да се придвижуваат кон „линијата да“ туку ќе останат на своето место и ќе размислуваат дали веќе се однесувале на таков начин (пример: „Дали досега сте отвориле електронските пораки на некој друг без негова дозвола?“ „Дали досега сте прочитале СМС пораки на некој друг без негова дозвола?“...)

На крајот на исказите може да се поделат учесниците во мали групи со цел тие да ги споделат своите искуства за сајбер-вознемирувањето. Секој може некогаш да бил во улога на вознемирувано лице или на вршител на вознемирување, во помала мера. Секоја група бира еден пример врз кој сака да работи (може да се работи за лично искуство, позната приказна или измислени факти). Членовите на малите групи треба тргнувајќи од ситуацијата што ја избрале да се обидат да ги смислат причините поради кои лицето вознемирува, како се одвива вознемирувањето и кои биле или можат да бидат последиците.

Потоа, секоја група ја изложува пред групата својата ситуација и ја прашува публиката за можните последици од тоа вознемирување. Потем, публиката ќе предлага решенија за дејствата што жртвата можела да ги преземе.

© Совет на Европа

Нови активности (©2IDHP)

Создавање на профил

Опфатени теми: е-репутација, анонимност, право врз слика.

Цели:

- да се осознае влијанието од нашите објави врз она што другите го мислат за нас;
- да се разгледа поимот на право на заборав;
- да се зборува за навреда, провокација и говор на омраза на интернет.

Големина на групата: до 25

Траење: 90 минути

Материјал:

- постери;
- селотејп и лепак;
- маркери;
- исто толку фотокопии од табели (имиња, фотографии...) колку што има и групи.

Упатства:

- објаснете им на учесниците дека ќе бидат задолжени да создадат личен интерфејс на млад корисник на социјална мрежа (младич/девојка од дваесетина години). Учесниците треба да ги пополнат разните полиња својствени за страница на социјална мрежа (име, фотографија, неговите интереси, неговите лични информации...).
- Поделете ги учесниците во повеќе групи од 3 до 5 според нивниот број.
- Дадете ѝ на секоја група голем постер на кој тие ќе го создадат профилот на младиот човек како што сакаат. Важно е да им дадете онаков постер каков што е подолу претставен за тие да ги пополнат само полињата лепејќи еден или повеќе предлози. Поделете им ги и табелите што ги содржат сите избори.
- Нивната задача е да исечат едно или повеќе полиња (ако е соодветно) и да ги залепат во секоја категорија и така да создадат целосен профил на младо лице.
- За да го направат тоа, учесниците имаат околу 20 минути на располагање.
- Откако ќе истече времето, соберете ги учесниците и закачете ги постерите на ѕид едни до други. Дадете им на учесниците можност да ги откријат различните лични интерфејси на младиот човек.

ИМЕ:

НАСЛОВ НА ИНТЕРФЕЈСОТ (ЛИЧНА РЕЧЕНИЦА):

ФОТОГРАФИЈА НА ПРОФИЛОТ:

ИНТЕРЕС ЗА МУЗИКА:

ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ:

ОБЈАВЕНИ ФОТОГРАФИИ:

ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА:

ВЕРСКА ОПРЕДЕЛБА:

СТРАНИЦИ ШТО МИ СЕ ДОПАЃААТ:

ОБЈАВИ НА СВОЈОТ ЛИЧЕН ИНТЕРФЕЈС:

ОБЈАВИ НА ИНТЕРФЕЈСОТ НА ДРУГИ:

Извештај:

- дали го откривте целиот идентитет на младото лице?
- Какво влијание има името или псевдонимот?
- Што кажува фотографијата на профил? Дали таа е извор на предрасуди?
- Според профилот, каков се чини карактерот на младото лице? За неговите блиски? За трети лица? За лица од друга генерација?
- Дали сметате дека социјалните мрежи го одразуваат вистинскиот карактер на луѓето?
- Дали сте биле внимателни при вашите објави?
- Дали младиот човек треба да се плаши за својата репутација (професионална, во рамките на општеството...) ако објавите и информациите повторно се појават за десет години?

ИМЕ :

Чистокрвен Македончо	Кисело вино89	Чистокрвен Македонец
ЧистокрвенЉубовник	Тигарот	МакедончоЧСТКРВН

ФОТОГРАФИЈА НА ПРОФИЛ:

	

Извор на фотографиите:

http://www.photo-libre.fr/loisir_photo.htm?IDPICS=181&ORDRE=0&DESC=0&EXIFDATE_ON=0

http://fr.123rf.com/photo_9876077_groupe-de-jeunes-garcons-assis-sur-un-canape-chez-eux-a-regarder-boire-de-l-39-alcool.html

http://us.123rf.com/400wm/400/400/alexraths/alexraths1207/alexraths120700081/14655273-groupe-des-etudiants-de-niveau-collegial-sur-un-fond-blanc.jpg

ИНТЕРЕС ЗА МУЗИКА:

Хеви метал	Џез	Марсељеза
Класична музика	Рап	Le R&B
Француска шансона	Пијано	Келтска музика
Кантри музика	Техно	Зук

ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ:

Учеше во:

Средно училиште „Марија-Антоанета“	Средно училиште„Миле Паника“	Не прикажувај ништо

Живее:

во Париз	во Крива Треска	ваму-таму
под мост	во странство	не прикажувај ништо

Потекнува од:

Марсеј	Мартиник	Од странска земја
Од Македонија, чистокрвен!	Не прикажувај ништо	не прикажувај ништо

Тековна состојба:

Студент	Млад професионалец	Не се замарам
Невработен	Не прикажувај ништо	

Љубовен статус:

во врска со Павле	во врска со Клара	во отворена врска
во врска со Фата	слободен	не прикажувај ништо

Семејство:

брат на Паулина	Внук на старата Дара
Осамениот Реми	Не прикажувај ништо

Број на телефон:

389 77 07 06 06	Не прикажувај ништо

Роден:

31/08/1992	31/08	Не прикажувај ништо

ОБЈАВЕНИ ФОТОГРАФИИ:

 „Уживанција“	„Се пријавувам во војска!“

 „попладневно опуштање“	 „ништо не е како една чашка сосем сам кога се враќам од работа“
 «Sexy lady»	 „Одиме на нов престој“
 „Друга добро залиена вечер, пријатели!“	 „Мојот мал внук сосем гол!“
 „Мојата драга, најубава од сите“	 „Нема ништо подобро од малку марихуана кога е вакво времето надвор...;)“
 „Другари, горд сум на нашиот графит!“	

<u>Варијанта:</u> Можете да изберете млада девојка и да ја направите активноста.

Вие просудете!

Опфатени теми: слобода на изразување, говор на омраза, приватност на јавни лица.

Големина на групата: нерелевантно

Траење: 60 минути

Материјал: хартија и моливи.

Резиме: целта на оваа активност е учесниците да се соочат со конкретни ситуации во кои лицата ја користат својата слобода на изразување. Сепак, нивните изјави може да бидат насочени против правата на другите, како право на приватност, право на почитување, итн...

Цели:

- да се работи на рамнотежата меѓу слободата на изразување и другите права. Да се осознаат границите на слободата на изразување, дали може да кажеме сè?
- Да се поттикне дебата.

Упатства:

Учесниците се собираат и наставникот назначува еден претседател на судот (модератор).

Претседателот на судот гласно чита една ситуација. Учесниците, без да комуницираат меѓусебно имаат една минута да размислат за поставениот случај. Потоа, тие треба да се сместат десно во собата ако се за осуда или лево ако се спротивставуваат на тоа. Тие не треба да ги објаснуваат причините за својот избор.

Потоа, групата се собира во центарот на собата и модераторот по случаен избор ги дели во две еднакви групи без да го земе предвид нивното поставување во поглед на ситуацијата. Едната група е одредена како група „за“ осуда и го претставува тужителот (обвинителство). Втората група е одредена „против“ осудата и го брани обвинетиот (одбрана).

Потоа, секоја група се изолира и има 15 минути за да ги подготви своите аргументи за напад или одбрана. По истекот на доделеното време, претседателот на судот ги собира и тогаш може да започне судењето: претседателот на судот правично им дава збор на двете групи и игра улога на модератор.

Откако ќе се исцрпат аргументите или по 20 минути дебатирање, се затвора дебатата

и претседателот го прекинува сослушувањето. Модераторот повторно на сите им дава по една минута за размислување и бара од учесниците да се постават според тоа дали се за или против осуда (десен ѕид: за осуда; лев ѕид: против осуда). Потоа, тој ќе им даде можност на учесниците да се изјаснат зошто го одбрале тој ѕид.

Ситуации за дискутирање:

- Во едно средно училиште, по шкафчињата се делат летоци што опишуваат дека хомосексуалноста има морално деструктивно влијание и дека е одговорна за сида. Оние кои што ги пишувале летоците се уапсени од локалната полиција.

Дали сметате дека тие треба да бидат осудени?

- Одговорната на феминистичката група „Фемен“ објави порака на Твитер во која ја опишува муслиманската религија како „глупава“. Едно здружение што ја претставува муслиманската вероисповед одлучува да поднесе тужба против неа.

Дали сметате дека феминистката треба да биде осудена?

- Претседателот на Република Пинцурстан, господин Хулд Кабов беше идентификуван во една објава на социјална мрежа од Жанет Јанг во која тој е опишан како „дебел и грд човек, сосема неспособен за извршување на своите функции“. Претседателот Кабов смета дека таквата објава ја повредува неговата чест и одлучува да отпочне постапка против госпоѓа Јанг.

Дали сметате дека таа треба да биде осудена?

- Пејачката на големата рок група Зуз открива дека е објавена фотографија од неа без нејзина дозвола на една интернет страница посветена на животот на славните личности. Таа сака фотографијата да биде повлечена затоа што на неа таа е во прегратка на својот партнер со кој тајно заминала на одмор. Таа решава да поднесе тужба против одговорниот на интернет страницата.

Дали сметате дека тој треба да биде осуден?

Клучни зборови: право на информираност, приватност, говор на омраза, приватност, јавен живот, интимност, напад на шефот на државата, слобода на критикување, навреда, слобода на печатот, слобода на мислење, претходна дозвола, активизам...

Извештај:

- дали беше лесно да се позиционирате на почетокот? А по дебатата?
- Дали успеавте да ги наметнете вашите аргументи во рамките на групата за дебатирање?
- Како изреагиравте доколку бевте назначени во групата што беше спротивна на вашиот прв впечаток? Дали имавте тешкотии да ги одбраните мислењата спротивни на вашиот прв став за потребата или не од осуда?
- Дали го променивте мислењето во текот на дебатата во поглед на вашиот првичен став?
- Дали ви се потврдија ставовите?
- Дали го променивте мислењето за слободата на изразување? А за приватноста?

Варијатни:

1) можете да ја продолжите активноста предлагајќи нови актуелни или измислени ситуации.

2) Траење: 60 минути

3) Материјал:

- треба да се предвидат повеќе простории за групите да се изолираат;

- хартии и моливи.

Упатства:

Наставникот ги дели учесниците во повеќе групи и составува различни судски пороти. Тој им објаснува дека ќе треба да решат некоја ситуација. Тој на групите им го раскажува истиот конкретен случај (видете погоре „ситуации за дискутирање“) и ги изолира едни од други. Секоја порота има рок од 20 минути за да ги подготви своите аргументи и да реши дали е за или против осуда.

Секоја порота гласа и со двотретинско мнозинство носи одлука дали е за или против осуда.

По истекот на доделеното време, групите се собираат во иста просторија.

Тие по ред ги претставуваат своите аргументи и пресудата.

Извештај:

- дали ви беше тешко да пресудите?
- Дали успеавте да ги наметнете своите мислења во рамките на групата?
- Како се почувствувавте ако конечната одлука на вашата група не беше според вашето лично мислење?
- Дали решенијата на различните пороти беа различни? Исти?
- Дали изнесените аргументи беа различни? Исти?

©2idhp

„Погодете, победете!“

Активност инспирирана од играта *©Time's up*

Воведна активност за разгледување на поимите што се користат во прирачникот.

Опфатена(и) тема(и): слобода на изразување, приватност и општо за ИКТ.

Цели: да се запознаат учесниците со вокабуларот што се употребува во прирачникот.

Големина на групата: најмалку 4 учесници.

Потребен материјал:

- карти за играње што ги содржат поимите;
- мало книвче што содржи дефиниција за секој поим употребен на картите;
- мерач на време;
- бележник за резултати.
-

Карти: *приватност/ ИП адреса/ таргетирано рекламирање/ е-бонтон/ право на информираност/ the Anonymous/ цензура/ е-репутација/ клевета/ навреда/ весник/ блогер/ социјална мрежа/ интимност/ право врз слика/ мислење/ основни права/ Европски суд за човекови права (ЕСЧП)/ интернет/ твит/ виц/ говор на омраза/ сатира/ дигитален јаз/ преземање од интернет/ смартфон/ информација/ расизам/ ксенофобија/ демократија/ критичко размислување/ прекршок за искажување на мислење/ давател на хостинг услуги/ дебата/ коментар/ ревизионизам/ новинар/ корисник на интернет/ Фесјбук/ Твитер/ славна личност/ чест/ јавен простор/ медиуми/ извор/ слобода на печатот/ автоцензура/ филтрирање/ колачиња/ Виш совет за аудиовизуелна дејност (ЦСА)/ Национална комисија за информатика и слобода (ЦНИЛ)/ хаштаг/ плурализам/ гласина/ спам/ вирус/ псевдоним/ анонимност/ личен податок/ е-пошта/ маркетинг насочен кон млади*

Подготовка: подгответе едно купче од 30 карти и поделете ги учесниците во две еднакви групи (ако е можно). Имате можност да повлечете некои карти што сметате дека се многу тешки.

Прв круг: првиот играч од првата група има одредено време што се мери со мерачот за да направи неговите соиграчи да погодат што е можно повеќе поими. Тој може да ги искористи сите поими што сака за другите да го погодат впишаниот израз. Играчот нема право да ја прескокне картата што ја држи. Екипата ги чува сте карти што заеднички ги погодила.

По истекот на времето, еден член од втората група треба да се потруди неговата екипа да ги погоди останатите карти.

Нов играч од првата група го презема шпилот за да направи неговите соиграчи да ги погодат преостанатите карти и обратно.

Кога екипите ќе ги погодат сите карти, секоја група брои колку карти освоила.

Втор круг: пред да започне вториот круг, учесниците гласно ги читаат картите (да се подели купчето меѓу нив), како и соодветните дефиниции за картите што се во игра (што се содржани во книвчето).

Потоа, може да започне вториот круг со неколку промени во поглед на првиот.

Се задржува составот на групите и треба да се погодат истите карти. Сепак, кога играчот го има шпилот, тој има право да употреби само еден збор за да ја постигне целта. Згора на тоа, ако играчот не успее да направи другите да го погодат впишаниот збор, тој може да реши да ја прескокне и да ја стави картата под шпилот.

Откако ќе заврши вториот круг, групата која собрала најмногу поени во текот на двете рунди победува во таа партија.

<u>Извештај и оценување:</u>

Наставникот се концентрира на чувствата на учесниците.

- Дали на учесниците им се допадна активноста?
- Дали ова е добра воведна активност? Дали ви го приближи вокабуларот поврзан со слободата на изразување и со приватноста?
- Дали беше од помош препрочитувањето и дефинирањето на изразите меѓу двата круга?
- Дали сите од нив ги познаваат овие зборови? Само некои од нив?
- Дали сè уште некои поими се нејасни?

ЛЕКСИКА:

1) **ИП адреса (интернет протокол)**: се работи за идентификациски број што се дава на еден компјутер при секое поврзување на информатичка мрежа.

2) **Анонимност**: постапка преку која едно лице одбива да го открие својот идентитет, премолчувајќи го своето име и користејќи псевдоним.

3) **Anonymous (the)**: „anonymous“ се корисници на интернет кои дејствуваат на дигиталниот простор под едно и исто име: „Anonymous“. Нивниот активизам најчесто е поврзан со блокирање на сајтови. Информатичкото пиратство кое е нов облик на активизам е нивна алатка за унапредување и заштита на човековите права.

4) **Автоцензура**: ограничување на своите изјави од почит кон другите или од страв од одмазда.

5) **Виц**: хумористични пораки.

6) **Блогер**: лице кое пишува написи и ги пренесува на блог како дигитален личен дневник отворен за сите.

7) **Славна личност**: личност која е позната.

8) **Цензура**: механизам преку кој еден државен орган одлучува дали некоја содржина ќе биде објавена или не.

9) **Рекламно таргетирање**: овој поим упатува на поимот маркетинг насочен кон млади и значи испраќање на реклами земајќи ги предвид вкусовите и интересите на таргетираното лице.

10) **Национална комисија за информатика и слобода (ЦНИЛ)**: Националната комисија за информатика и слобода е задолжена пред сè за заштита на индивидуалните слободи кога се користат информатичките алатки.

11) **Коментар**: коментар е порака оставена на некоја интернет страница како реакција на некоја објава.

12) **Колаче**: датотека инсталирана на компјутерот на интернет корисникот без негово знаење и што му овозможува на серверот на сајтот да ги анализира и меморира информациите за корисникот и неговото однесување на интернет.

13) **Европски суд за човекови права**: суд задолжен за применување на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

14) **Виш совет за аудиовизуелна дејност (ЦСА)**: Вишиот совет за аудиовизуелна дејност е француски независен административен орган. Тој е познат како „полицаец за аудиовизуелна дејност“ задолжен за контролирање на содржините што се емитуваат.

15) **Дебата**: аргументирана и контрадикторна дискусија.

16) **Прекршок за искажување на мислење**: незаконско осудување на едно лице

поради искажани зборови. Да се биде виновен поради искажување на мислење значи да се негира слободата на изразување.

17) **Демократија**: политички систем во кој народот е суверен.

18) **Клевета**: тврдење кажано со цел да се наштети, припишувајќи му на едно одредено или барем што може да се идентификува лице или група лица конкретни факти. Се работи за дело за кое се изрекуваат кривични санкции.

19) **Говор на омраза**: пораки со омраза упатени кон некое лице или група лица поради нивното потекло, сексуална ориентација, религија... исто така се нарекува „hate speech“.

20) **Лични податоци**: информации кои овозможуваат, пред сè на интернет, директно или индиректно да се идентификува едно физичко лице (име, адреса, датум на раѓање, телефонски број).

21) **Основни права**: права кои секое човечко суштество ги има зашто се сметаат за суштински.

22) **Право врз слика**: право на едно лице да ја контролира својата сликата што е составен дел од правото на почитување на приватноста. Според тоа, за да се објави една фотографија или видео од некој потребна е негова дозвола.

23) **Право на информираност**: се работи за стандарден елемент на слободата на изразување. Секој има право на слободен пристап до информации.

24) **е-пошта**: електронска пошта.

25) **е-репутација**: се поврзува со е-бонтон, односно, впечатокот што го оддаваме на другите на интернет.

26) **Јавен простор**: место достапно за сите.

27) **Критичко размислување**: способност едно лице да ја анализира сериозноста и вредноста на информацијата пред да ја прифати.

28) **Фејсбук**: светски позната социјална мрежа што овозможува да стапиме во контакт со лица на далечина.

29) **Филтрирање**: подробна контрола на информации што доведува до забрана на одредени сајтови од одредени лица.

30) **Дигитален јаз**: поим што се однесува на нееднаквиот пристап до интернет мрежата.

31) **Хаштаг (#)**: знак што се користи на мрежата Твитер.

32) **Давател на хостинг услуги**: давател на услуги што им нуди на корисниците на интернет простор за складирање и ширење на нивните содржини (слики, видеа, текстови...).

33) **Чест**: целина вредности што се однесуваат на самопочитувањето и почитувањето на другите.

34) **Информација**: упатување, известување, прецизирање што го даваме или добиваме за некој или нешто (дефиниција од речникот Ларус (Larousse)).

35) **Навреда**: навредлив израз, зборови на презир или понижување упатени кон едно лице. Навредата упатува и на поимот омаловажување.

36) **Корисник на интернет**: лице што го користи интернетот.

37) **Интернет**: глобална компјутерска мрежа што овозможува компјутерите од целиот свет да бидат меѓуповрзани.

38) **Интимност**: составен дел на приватноста што вклучува сè што е лично и внатрешно.

39) **Весник**: објава што содржи информации и мислења за политичките, економските, социјалните новости...

40) **Новинар**: професионалец задолжен за раскажување и пренесување на информации.

41) **Слобода на печатот**: принцип дефиниран во законот од 29 јули 1881 година што гарантира слободно изразување на новинарите.

42) **Медиуми**: секоја алатка што овозможува дистрибуција, дифузија и пренесување на звучни или аудиовизуелни дела, документи или пораки (печат, кино, постер, радиодифузија, телевизиско емитување, видеографија, кабелска телевизија, телематика, телекомуникација).

43) **Ревизионизам**: негирање на постоењето на холокаустот.

44) **Е-бонтон**: израз што се однесува на репутацијата на интернет (е-репутација).

45) **Мислење**: се однесува на мислењето на едно лице за нешто, за некој, за одреден факт... Може да се работи за став, чувство, впечаток или суд.

46) **Плурализам**: систем што признава коегзистирање на различни политички и верски мислења во рамките на едно општество.

47) **Псевдоним**: избран назив од едно лице за да го прикрие својот идентитет. Тоа исто така овозможува да се остане анонимен.

48) **Расизам**: непријателско и систематско однесување кон група лица поради нивното потекло или припадност на етничка група.

49) **Социјална мрежа**: интернет страница на која еден корисник на интернет создава вируелен идентитет (профил) и на тој начин со други регистрирани лица разменува информации, видеа, слики...

50) **Гласина**: информација, новост чиишто вистинитост и потекло не се проверени.

51) **Сатира**: објава, порака, дело кое служи за потсмевање или силно критикување на некој или нешто (дефиниција Ларус (Larousse)).

52) **Смартфон**: мобилен телефон што има информатички функции, како можност за сурфање на интернет.

53) **Извор**: потекло на една информација.

54) **Спам**: несакана електронска пошта.

55) **Маркетин насочен кон млади**: упатува на поимот рекламно таргетирање. Процес преку кој рекламните агенции ги одбираат примателите на нивните реклами набљудувајќи ги нивните активности на компјутерските мрежи.

56) **Преземање**: активност што се состои во пренесување на податоци помеѓу компјутерите преку интернет.

57) **Твит**: кратка порака што се користи за изразување на сопственото мислење на Твитер.

58) **Твитер**: светски позната социјална мрежа што овозможува да се изразат сопствените мислења и да се реагира на разни теми преку пишување на твитови.

59) **Приватност**: приватноста се однесува на интимната сфера. Секој има право на почитување на неговата приватност и тоа право е утврдено во член 9 од Граѓанскиот законик кое го штити секое лице од откривање на негови лични информации без негово знаење (идентитет, слика, преписки, сексуална ориентација, семејство, итн...).

60) **Вирус**: напад на компјутерска програма со цел да ѝ се нанесе штета.

61) **Ксенофобија**: систематски страв, отфрлање и непријателство кон странци.

Приватност 59	**ИП адреса** 1
Рекламно таргетирање 9	**Е-бонтон** 44

Е-бонтон 23	**The anonymous** 3
Цензура 8	**Е-репутација** 25
Клевета 18	**Навреда** 35
Весник 39	**Блогер** 6
Социјална мрежа 49	**Интимност** 38
Право врз слика 22	**Мислење** 45

Основни права 21	**Европски суд за човекови права (ЕСЧП)** 13
Интернет 37	**Твит** 57
Виц 5	**Говор на омраза** 19
Сатира 51	**Дигитален јаз** 30
Преземање 56	**Смартфон** 52
Информација 34	**Расизам** 48

Ксенофобија 61	**Демократија** 17
Критичко размислување 27	**Прекршок за искажување на мислење** 16
Давател на хостинг услуги 32	**Дебата** 15
Коментар 11	**Ревизионизам** 43
Новинар 40	**Корисник на интернет** 36
Твитер 58	**Фејсбук** 28

Славна личност 7	**Чест** 33
Јавен простор 26	**Медиуми** 42
Извор 53	**Слобода на печатот** 41
Автоцензура 4	**Филтрирање** 29
Колаче 12	**ЦСА** 14
ЦНИЛ 10	**#Хаштаг** 31

Плурализам 46	**Гласина** 50
Спам 54	**Вирус** 60
Псевдоним 47	**Анонимност** 2
Личен податок 20	**Е-пошта** 24
Маркетинг насочен кон млади 55	

© 2idhp

АНЕКСИ

Меѓународни организации, текстови и законодавство

Légifrance : http://www.legifrance.gouv.fr/

Сајт кој дава пристап до француското законодавство. Таму можете да ги најдете сите одредби од законот од 29 јули 1881 година што се однесува на слободата на печатот.

Организацијата на обединети нации: http://www.un.org/fr/

Сајт на Организацијата на обединети нации што ги содржи сите новости за Организацијата и информации за човековите права.

Текстот на Универзалната декларација: http://www.un.org/fr/documents/udhr/

Совет на Европа: http://hub.coe.int/fr/

Сајт на Советот на Европа каде можете да ги најдете сите новости за Организацијата, како и информации за Европската конвенција за човекови права.

Текстот на Европската конвенција за човекови права: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_FRA.pdf

Простор посветен на младите: http://www.coe.int/t/dg4/youth/default_fr.asp

Образовни прирачници за човекови права од Советот на Европа: http://eycb.coe.int/compass/

Онлајн ресурси поврзани со дигиталниот простор

Движење против говорот на омраза: http://www.nohatespeechmovement.org/

Интернет страница посветена на кампањата отпочната од Советот на Европа за борба против говорот на омраза на интернет.

Линк кон педагошкиот прирачник наменет за наставници во школски установи и за младински работници на тема говор на омраза: http://nohate.ext.coe.int/fre/Materiels-et-Outils-de-Campagne/Bookmarks

Интернет без страв: http://www.internetsanscrainte.fr/

Интернет без страв е референтно средиште за сите чинители вклучени во спречувањето на ризиците поврзани со користење на интернет од страна на млади.

http://www.internetsanscrainte.fr/espace-jeunes/videos?page=1 : видео снимено како што се снимале американските филмови во 40тите за „добрите манири на фејсбук“. Тоа истовремено е поврзано и со слободата на изразување и со приватноста. (Објавување на засрамувачки фотографии, откривање на приватни информации како љубовен статус, создавање на групи на омраза, клевета...).

Национална комисија за информатика и слобода: http://www.cil.cnrs.fr/CIL/spip.php?article1892

Овој сајт содржи многу видеа за подигнување на свеста, како видеото што ја прикажува малата Црвенкапа како користи фејсбук. Целта на видеото е да се подигне свеста за користење на социјалните мрежи од страна на младите и особено за нивниот избор на контакти.

На овој сајт претставена е и рекламна порака за родителска контрола: *„не дозволувајте сите да влезат кај вас“.*

http://www.2025exmachina.net/jeu: сериозна игра направена од ЦНИЛ (Националната комисија за информатика и слобода) за можното идно влијание од активностите на интернет. Играчот е во улога на детектив кој треба да се врати во времето за да ги избегне лошите постапувања на интернет од пред десет години што му предизвикуваат штета во 2025 година.

Пример за ситуација: еден млад менаџер е на работ на потпишување на договор со големо претпријатие за заштита на животните. Едно видео што тој го објавил десет години претходно избива на површина и претставува закана за потпишувањето на договорот.

Видео за подигање на свеста направено од Поштата: http://www.netpublic.fr/2012/06/reseaux-sociaux-en-contexte-professionnel-video-de-sensibilisation-et-guide-de-recommandations/

Видео за подигање на свеста за еден вработен во „Тунопанија“ кој постира хумористична порака на Фејсбук деградирајќи го имиџот на своето претпријатие. Пораката која содржи клевета многу бргу се шири на интернет и предизвикува пад на обртот на претпријатието.

Ова видео може да се користи пред некоја активност за слобода на изразување, границите на хуморот на социјалните мрежи или клевета.

©2idhp 2014

institut international des DROITS DE L'HOMME et de la PAIX

METAMORPHOSIS
Foundation for sustainable ICT solutions

Овој прирачник претставува педагошка алатка наменета за оние кои работат со млади на возраст од 15 до 25 години. Всушност, кој може подобро од лицата кои се во контакт со младите да ги освести за предизвиците поврзани со користење на дигиталниот простор?

Избраниот пристап е пристапот преку човековите права. Целта на прирачникот е во рамките на интересот што младите го прејавуваат за човековите права, да понуди алатки што ќе овозможат да се подигне свеста на корисниците на интернет дека она што го прават на интернет е поврзано со човековите права. Повеќе човекови права се засегнати кога се користи интернетот што треба да се познаваат за да може да се почитуваат и заштитуваат.

Прирачникот беше осмислен како теоретско и практично средство за едукација на тема дигитален простор.

Тој е поделен во два дела:

- студија за слободата на изразување и приватноста на дигиталниот простор. Оваа студија е посветена на човековите права кои се засегнати кога се користи интернетот. Таа има за цел да ги унапреди знаењата на чинителите кои работат со младите;
- збирка на образовни активности за дигиталниот простор. Последниве неколку години се зголеми бројот на активности за подигање на свеста за користењето на дигиталните технологии. Ние одлучивме да направиме збирка на некои од нив и да развиеме нови.

Оваа педагошка алатка е плод на заедничка иницијатива од Меѓународниот институт за човекови права и мир (Франција) и фондацијата Метаморфозис (Македонија) со поддршка од програмата за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија.

Проектот е поддржан од:

REGION BASSE NORMANDIE

Coopération Décentralisée entre la Basse-Normandie et la Macédoine